Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 365, 2 мај 2025 година

мај 2025 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА (1.04.00.01) И БИОХЕМИЈА (1.04.00.06) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **18**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНАТОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **29**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **43**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **58**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **66**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕНТЕРИЕР И МЕБЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **83**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р НАТАЛИЈА ПОП ЗАРИЕВА И ДОЦ. Д-Р КРСТЕ ИЛИЕВ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **86**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р КРСТЕ ИЛИЕВ И ДОЦ. Д-Р НАТАЛИЈА ПОП ЗАРИЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **89**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ИНОВАЦИИ: ПРОДУКТ, ПРОЦЕС И БИЗНИС МОДЕЛИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И ДОЦЕНТ Д-Р ДЕЈАН КРСТЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА И МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **92**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА (1.04.00.01) И БИОХЕМИЈА (1.04.00.06) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2002-66/6 донесена на 334. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 11.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хемија (1.04.00.01) и биохемија (1.04.00.06) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **проф. д-р Татјана Рушковска**, редовен професор за наставно-научната област клиничка биохемија и биохемија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- **проф. д-р Слоботка Алексовска**, редовен професор за наставно-научната област хемија, Институт за хемија на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје, член;
- **проф. д-р Валентин Мирчески**, редовен професор за наставно-научната област хемија, Институт за хемија на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 15.2.2025 година во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ и во предвидениот рок се пријави само кандидатот:

1. д-р Павлинка Кокошкарова, доктор на хемиски науки, вработена како асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Пријавата на кандидатот е разгледана во целост и комисијата утврди дека кандидатката асистент д-р Павлинка Кокошкарова уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи што се бараат согласно со објавениот Конкурс, односно:**

1. Пријава;
2. Диплома за завршен прв и втор циклус на студии (еден оригинален примерок, и една копија заверена на нотар);
3. Уверение за остварен просечен успех на прв циклус студии – 8,83 (еден оригинален примерок и една копија заверена на нотар), студии по биологија, Биохемиско-физиолошка насока од Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
4. Уверение за остварен просечен успех на втор циклус студии – 10,00 (еден оригинален примерок и една копија заверена на нотар), студии по хемија, модул Аналитичка биохемија, од Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
5. Уверение за остварен просечен успех на трет циклус на студии – 10.00 (еден оригинален примерок и три копии заверени на нотар) од докторски студии по хемија, Природно-математички факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј “ во Скопје;

6. Диплома за завршени докторски студии по хемија од Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (еден оригинален примерок и три копии заверени на нотар);

7. Уверение за државјанство (оригинал) не постаро од 6 месеци;

8. Кратка биографија;

9. Сертификат за завршен курс по англиски јазик HEADWAY Upper-Intermediate (B2.2) – оригинал и една копија заверена на нотар;

10. Препораки од двајца професори од научните области во кои се пријавува – оригинали;

11. Докторски труд: „Електрохемиска карактеризација на крвен серум со примена на современи волтаметриски техники"- еден примерок;

12. Список на објавени трудови со импакт-фактор и по еден примерок од трудовите што се објавени во периодот во последните 5 години.

**Општи услови за избор**

**Кандидатката д-р Павлинка Кокошкарова:**

- Има завршено прв циклус студии по биологија на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со просечен успех 8.83 и се стекнува со звање дипломиран инженер по биологија (Биохемиско-физиолошка насока);
- Има завршено втор циклус студии по хемија (модул Аналитичка биохемија) на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со просечен успех 10.00 и се стекнува со диплома магистер по хемиски науки - аналитичка биохемија;
- Има завршено трет циклус (докторски) студии по хемија на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со просечен успех од студиите 10.00 и се стекнува со диплома доктор на хемиски науки;
- Има способност за изведување на високообразовна дејност и е избрана за асистент на Факултетот за медицински науки во 2019 година (Одлука бр. 2002-247/7 од 3.12.2019 год.) и избор за асистент по втор пат (Одлука бр. 2002-230/14 од 15.8.2022 година);
- Поседува потврда за познавање на најмалку еден странски јазик и има доставено сертификат за завршен курс по англиски јазик HEADWAY Upper-Intermediate (B2.2);
- Автор е на рецензиран практикум со наслов „Практикум по хемија за стручни студии" (Универзитетски билтен на УГД - Штип, број 356, 2024 година, стр. 178-182);
- Има објавено 14 научни трудови со оригинални научни резултати во списанија со фактор на влијание, од кои 9 трудови се објавени во периодот во последните 5 години.

**Објавени научноистражувачки трудови од соодветните области во референтна научна публикација - научно списание со фактор на влијание во последните 5 години**

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Наслов на списание | Фактор на влијание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Pavlinka Kokoskarova**, Leon Stojanov, Kosta Najkov, Tatjana Ruskovska, Natasha Ristovska, Slawomira. Skrzypek, Valentin Mirceski | Square-wave voltammetry of human blood serum https://eprints.ugd.edu.mk/32020/ | ***Scientific Reports*** (Nature) 13 **(2023)** 8485 | 3.8 | 14 години (2011) |
| 2 | **Pavlinka Kokoskarova**, Tatjana Ruskovska, Mariola Brycht, Slawomira Skrzypek, Valentin Mirceski | Label-free voltammetric screening of human blood serum https://eprints.ugd.edu.mk/34085/ | ***Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering***, 43 (**2024**) 49-59 | 1.1 | 51 година (1974) |
| 3 | **Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski | Two-step protein-film voltammetry associated with intermediate reversible chemical reaction-Diagnostic criteria for characterizing systems with inverted potentials in square-wave voltammetry https://eprints.ugd.edu.mk/29657/ | ***Analytical& Bioanalytical Electrochemistry*** 14 **(2022)** 270-289. | 1.2 | 16 години (2009) |
| 4 | Sanja Lazarova, **Pavlinka Kokoskarova**. Elena Joveva, Rubin Gulaboski, | Voltammetric biosensors based on metallic nanoparticles synthesized from plant extracts: A short overview of recent achievements https://eprints.ugd.edu.mk/33016/ | ***Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering***, 43 (**2023**) 215-225 | 1.1 | 51 година (1974) |
| 5 | **Pavlinka Kokoskarova**, Sonja Risafova, Rubin Gulaboski | Surface Electrode Mechanism Associated with Preceding and Follow up Chemical Reactions -Theoretical Analysis in Square-Wave Voltammetry https://eprints.ugd.edu.mk/28069/ | ***Croatica Chemica Acta***, 93 **(2020)** 191-201 | 0.7 | 98 години (1927) |
| 6 | Milkica Janeva, **Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski | Multistep Surface Electrode Mechanism Coupled with Preceding Chemical Reaction-Theoretical Analysis in Square-Wave Voltammetry https://eprints.ugd.edu.mk/24158/ | ***Analytical& Bioanalytical Electrochemistry*** 12 **(2020)** 766-779 | 1.2 | 16 години (2009) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Rubin Gulaboski, **Pavlinka Kokoskarova**, Sonja Risafova | Analysis of Enzyme-Substrate Interactions from Square-Wave Protein-Film Voltammetry of Complex Electrochemical-Catalytic Mechanism Associated with Reversible Regenerative Reaction https://eprints.ugd.edu.mk/24026/ | ***Journal of Electroanalytical Chemistry***, 867 **(2020)** 114189 | 4.1 | 66 години (1959) |
| 8 | Rubin Gulaboski, **Pavlinka Kokoskarova**, Sofija Petkovska | Analysis of drug-drug interactions with a cyclic voltammetry-an overview of relevant theoretical models and recent experimental achievements https://eprints.ugd.edu.mk/23961/ | ***Analytical& Bioanalytical Electrochemistry,*** 12 **(2020)** 345-364 | 1.2 | 16 години (2009) |
| 9 | **Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski | Theoretical Aspects of a Surface Electrode Reaction Coupled with Preceding and Regenerative Chemical Steps: Square-wave Voltammetry of a Surface CEC' Mechanism https://eprints.ugd.edu.mk/22623/ | ***Electroanalysis***, 32 **(2020)** 333-344 | 2.7 | 37 години (1988) |

**Посебни услови:**

**Кандидатката д-р Павлинка Кокошкарова:**

- Има учество во интернационален научноистражувачки проект како млад истражувач во проектот на ДААД фондацијата „From molecules to functionalized materials";
- Добитник е на стипендија во рамките на SOE DAAD проект преку фондацијата DAAD- German Academic Exchange Service;
- Добитник е на стипендија за докторски студии од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија во 2022 година;
- Поседува препораки од двајца редовни професори;
- Добитник е на награда за најдобар докторанд, како и награда за најдобар труд од докторанд од областа на природните науки, доделени од Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за 2022 и 2023 година по повод Денот на науката за мир и развој на Обединетите нации.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во периодот од декември 2019 година па сè до денес, д-р Павлинка Кокошкарова е избрана за асистент на Факултетот за медицински науки и е ангажирана како асистент по предметите: Биохемија 1 и Биохемија 2 за студиската програма Општа медицина, Основи на биохемија за студиската програма Дентална медицина, Општа биохемија за студиската програма Медицински лаборанти, Medicinal Chemistry, Basics Biochemistry 1 и Basic

Biochemistry 2 за студиската програма General Medicine на англиски јазик што се изведува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по предметите Клиничка биохемија за студентите од студиските програми Фармација и Медицински лаборанти, и по предметот Лабораториски техники и инструментални анализи за студиската програма Медицински лаборанти.

Заклучно со завршувањето на нејзините докторски студии, таа се јавува како автор на 14 научни публикации, сите публикувани во списанија со исклучително висок фактор на влијание како што се Scientific Reports (издание на издавачката куќа Nature) со фактор на влијание (Impact Factor – IF = 3.80); Electrochimica Acta (IF = 5.5); Bioelectrochemistry (IF = 4.8); Journal of Electroanalytical Chemistry (IF = 4.1); Electroanalysis (IF = 2.7) и други.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката д-р Павлинка Кокошкарова е родена на 16.3.1980 година во Штип, каде што завршува основно и средно гимназиско образование со континуиран одличен успех. Во учебната 2004/2005 година, Павлинка Кокошкарова се запишала на Институтот за биологија (Биохемиско-физиолошка насока) на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 година Павлинка Кокошкарова дипломира со просек 8.83 и се стекнува со звање *дипломиран инженер по биологија*.

Од 2010 година до декември 2019 година Павлинка Кокошкарова е вработена на работна позиција биохемичар во Поликлиника од примарна здравствена заштита ПЗУ „Д-р Златко Стојменов“ - Штип во состав на лабораторијата за клиничка биохемија. Во 2011 година се запишува на магистерски студии на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Аналитичка биохемија. Во текот на студиите Павлинка Кокошкарова ги положила сите предвидени испити од магистерските студии со просечна оценка 10.00. Во 2014 година Павлинка Кокошкарова успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „*Хемиски својства и функции на нови бензохинонски деривати добиени при реакција на коензим Q-0 во алкална средина*“, при што се стекнала со звање магистер по хемиски науки-аналитичка биохемија. Од декември 2019 година Павлинка Кокошкарова е вработена како асистент на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип. Од октомври 2020 година Павлинка Кокошкарова се запишала на трет циклус (докторски) студии по хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на академик проф. д-р Валентин Мирчески.

Во периодот од 2019 година па сè до денес, д-р Павлинка Кокошкарова е ангажирана како асистент по предметите Биохемија 1 и Биохемија 2 за студиската програма Општа медицина, Основи на биохемија за студиската

програма Дентална медицина, Општа биохемија за студиската програма Медицински лаборанти, Клиничка биохемија за студентите од студиските програми по Фармација и Медицински лаборанти, Лабораториски техники и инструментални анализи за студиската програма Медицински лаборанти, како и по предметите Medicinal Chemistry, Basics Biochemistry 1 и Basic Biochemistry 2 на студиската програма General Medicine, што се изведува на англиски јазик на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Асистент д-р Павлинка Кокошкарова во периодот од нејзиниот избор во асистент покажува голема активност како во наставно-образовната, така и во научноистражувачката работа. Така, во периодот од запишувањето на нејзините магистерски студии и заклучно со завршувањето на нејзините докторски студии, таа се јавува како автор на 14 научни публикации сите публикувани во списанија со исклучително висок фактор на влијание, како што се Scientific Reports (издание на издавачката куќа Nature) со фактор на влијание (Impact Factor – IF = 3.80; Electrochimica Acta (IF = 5.5); Bioelectrochemistry (IF = 4.8); Journal of Electroanalytical Chemistry (IF = 4.1); Electroanalysis (IF = 2.7) и други. Покрај тоа, ас. д-р Павлинка Кокошкарова со свои трудови и презентации учествувала и на поголем број научни манифестации.

Во 2011 година од страна на Фондацијата DAAD добила стипендија од типот „Sur-place scholarship“ во рамките на проектот „From molecules to functionalized materials“ на Фондацијата DAAD (Германија). Во 2022 година, д-р Павлинка Кокошкарова е добитник на стипендија за докторски студии од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Покрај тоа, за 2022 и 2023 година, д-р Павлинка Кокошкарова е добитник на награда за најдобар докторанд и награда за најдобар труд од областа на природните науки, во рамките на Денот на науката за мир и развој, организиран од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во мај и јуни 2023 година, д-р Павлинка Кокошкарова реализирала едномесечен студиски престој на Факултетот за хемија при Универзитетот во Лоѓ, Полска.

Асистент д-р Павлинка Кокошкарова веќе има големо искуство и во практична работа со важни аналитички техники како УВ-ВИС спектроскопија, квадратно-бранова волтаметрија, циклична волтаметрија, електрофореза и потенциометрија. Покрај тоа, асистент д-р Павлинка Кокошкарова има искуство и во теоретски студии на одредени електродни механизми во циклична волтаметрија и квадратно-бранова волтаметрија со помош на програмскиот софтвер MATHCAD.

Во прилог е дадена листата на трудови на д-р Павлинка Кокошкарова, што се публикувани во списанија со фактор на влијание (импакт-фактор).

I. **Листа на трудови на д-р Павлинка Кокошкарова публикувани во списанија со импакт-фактор (според Thomson Reuters)**

**1. Pavlinka Kokoskarova**, Leon Stojanov, Kosta Najkov, Tatjana Ruskovska, Natasha Ristovska, Slawomira Skrzypek, Valentin Mirceski, „Square-wave voltammetry of human blood serum“ ***Scientific Reports*** (Nature) 13 (**2023**) 8485. (Impact Factor = 3.8); https://eprints.ugd.edu.mk/32020/.

**2. Pavlinka Kokoskarova**, Tatjana Ruskovska, Mariola Brycht, Slawomira Skrzypek, Valentin Mirceski, „Label-free voltammetric screening of human blood serum“, ***Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering,*** 43 (**2024**) 49-59. (Impact Factor = 1.1); https://eprints.ugd.edu.mk/34085/.

**3. Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski, „Two-step protein-film voltammetry associated with intermediate reversible chemical reaction - Diagnostic criteria for characterizing systems with inverted potentials in square-wave voltammetry "***Analytical&Bioanalytical Electrochemistry*** 14 **(2022)** 270-289. (Impact Factor = 1.2); https://eprints.ugd.edu.mk/29657/.

4. Sanja Lazarova, **Pavlinka Kokoskarova**. Elena Joveva, Rubin Gulaboski, „Voltammetric biosensors based on metallic nanoparticles synthesized from plant extracts: A short overview of recent achievements" ***Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering,*** 43 (**2023**) 215-225. (Impact Factor = 1.1); https://eprints.ugd.edu.mk/33016/.

**5. Pavlinka Kokoskarova**, Sonja Risafova, Rubin Gulaboski, „Surface Electrode Mechanism Associated with Preceding and Follow up Chemical Reactions - Theoretical Analysis in Square-Wave Voltammetry" ***Croatica Chemica Acta***, 93 **(2020)** 191-201. (Impact Factor = 0.7); https://eprints.ugd.edu.mk/28069/.

6. Milkica Janeva, **Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski, „Multistep Surface Electrode Mechanism Coupled with Preceding Chemical Reaction-Theoretical Analysis in Square-Wave Voltammetry" ***Analytical&Bioanalytical Electrochemistry*** 12 **(2020)** 766-779. (Impact Factor = 1.2); https://eprints.ugd.edu.mk/24158/.

7. Rubin Gulaboski, **Pavlinka Kokoskarova**, Sonja Risafova, „Analysis of Enzyme-Substrate Interactions from Square-Wave Protein-Film Voltammetry of Complex Electrochemical-Catalytic Mechanism Associated with Reversible Regenerative Reaction" ***Journal of Electroanalytical Chemistry***, 867 **(2020)** (Impact Factor = 4.1); https://eprints.ugd.edu.mk/24026/.

8. Rubin Gulaboski, **Pavlinka Kokoskarova**, Sofija Petkovska, „Analysis of drug-drug interactions with a cyclic voltammetry - an overview of relevant theoretical models and recent experimental achievements" ***Analytical&Bioanalytical Electrochemistry,*** 12 **(2020)** 345-364. (Impact Factor = 1.2); https://eprints.ugd.edu.mk/23961/.

**9. Pavlinka Kokoskarova**, Rubin Gulaboski, „Theoretical Aspects of a Surface Electrode Reaction Coupled with Preceding and Regenerative Chemical Steps: Square-wave Voltammetry of a Surface CEC' Mechanism" ***Electroanalysis***, 32 **(2020)** 333-344. (Impact Factor = 2.7); https://eprints.ugd.edu.mk/22623/.

10. Milkica Janeva, **Pavlinka Kokoskarova**, Viktorija Maksimova, Rubin Gulaboski „Square-wave Voltammetry of Two-step Surface Electrode Mechanisms Coupled with Chemical Reactions – A Theoretical Overview" ***Electroanalysis***, 31 **(2019) 2488-2506.** (Impact Factor = 2.7); https://eprints.ugd.edu.mk/22409/.

**11. Pavlinka Kokoskarova**, Milkica Janeva, Viktorija Maksimova, Rubin Gulaboski, „Protein-film Voltammetry in Two-step Electrode Enzymatic Reactions Coupled with an Irreversible Chemical Reaction of a Final Product-a Theoretical Study in Square-wave Voltammetry" ***Electroanalysis*** 31 **(2019)** 1454-1464 (Impact Factor = 2.7); https://eprints.ugd.edu.mk/22039/.

12. Rubin Gulaboski**, Pavlinka Kokoskarova**, Sofija Petkovska, „Time independent methodology to assess Michaelis Menten constant by exploring electrochemical-catalytic mechanism in protein-film cyclic staircase voltammetry" ***Croat. Chem. Acta***, 91 **(2018)** 377-382. (Impact Factor = 0.7); https://eprints.ugd.edu.mk/20976/.

13. Rubin Gulaboski**,** Ivan Bogeski**, Pavlinka Kokoskarova**, Hale H. Haeri, Sasa Mitrev, Marina Stefova, Jasminka Stanoeva-Petreska, Velo Markovski, Valentin Mirceski, Markus Hoth, and Reinhard Kappl, „New insights into the chemistry of Coenzyme Q-0: A voltammetric and spectroscopic study“ ***Bioelectrochemistry*** 111 **(2016)** 100-108. (Impact Factor = 4.8); https://eprints.ugd.edu.mk/15914/.

14. Rubin Gulaboski, **Pavlinka Kokoskarova**, Sasa Mitrev, „Theoretical aspects of several successive two-step redox mechanisms in protein-film cyclic staircase voltammetry“ ***Electrochimica Acta*** 69 **(2012)** 86-96. (Impact Factor = 5.5); https://eprints.ugd.edu.mk/140/.

II. **Учества на конгреси и конференции и работилници во последните пет години**

15. Milkica Arsova, Sanja Lazarova, **Pavlinka Kokoskarova**, *Application of electrode mechanisms of surface active systems in drug analysis, 27th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,* 25-28 September, Ohrid, Macedonia (2024) 193; https://eprints.ugd.edu.mk/35639/.

16. Sanja Lazarova, Milkica Arsova, **Pavlinka Kokoskarova**, *Exploring the electrochemistry of surface-active redox systems in voltammetric analysis of drug-drug interactions, 27th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia,* 25-28 September, Ohrid, Macedonia (2024) 202; https://eprints.ugd.edu.mk/35813/.

**17. Pavlinka Kokoskarova**, Sanja Lazarova, Valentin Mirceski, Slawomira Skrzypek, Tatjana Ruskovska, *Square-wave voltammetry analysis of human serum*, Doctoral Symposium on Chemistry in Lodz, Łódź, Poland, May 2023; https://eprints.ugd.edu.mk/35815/.

18. Sanja Lazarova, **Pavlinka Kokoskarova,** Viktorija Maksimova, *Хепатопротективна активност на растителни дроги*, Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици“, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип (2023); https://eprints.ugd.edu.mk/32288/.

Согласно со одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во овој реферат Комисијата ги елаборира само трудовите на асистент д-р Павлинка Кокошкарова што се објавени во последните пет години (трудовите со реден број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9).

Во трудот со реден број (1) со наслов „Square-wave voltammetry of human blood serum“, со примена на специфична електрода изработена од странично ориентиран пиролитичен графит, покажано е дека без никаков преттретман на хуманиот серум, на оваа електрода е можно да се следат електродни трансформации од три аналити: урична киселина, билирубин и албумин. Како главни работни техники во студијата се користени циклична волтаметрија и квадратно-бранова волтаметрија. Притоа, направени се серија од анализи каде што се испитани својствата и електрохемиското однесување на овие аналити во пуфер со физиолошко pH од 7.34. Оваа студија за првпат покажува дека е можно на брз, едноставен и ефикасен начин симултано да се определат овие аналити во хуман серум со примена на електрохемиски техники, со примена на електрода што не е модифицирана. Трудот е публикуван во списанието „Scientific Reports“, што е во издание на најпознатата издавачка куќа „Nature“ и со повеќе од 800000 цитати за 2023 година е едно од четирите најцитирани списанија во светот од сите области.

Трудот со реден број (2) со наслов „Label-free voltammetric screening of human blood serum“ е продолжение на трудот публикуван во Scientific Reports, каде што детално се студирани електрохемиските својства на урична киселина, билирубин и албумин, како и нивните меѓусебни интеракции. Покрај тоа, во овој труд се студирани и интеракциите на трите аналити со глукоза, холестерол и триглицериди, при што е покажано дека холестеролот кога е во граници над нормалните влијае врз намалувањето на интензитетот на сите три пикови од испитуваните аналити, додека триглицеридите до одредени граници покажуваат позитивен ефект, а потоа при концентрации повисоки од нормалните концентрации во хуман серум и триглицеридите придонесуваат кон намалување на интензитетот на волтаметриските процеси од урична киселина, билирубин и албумин. Во овој труд се направени концентрациски зависности што се во функција на дизајнирање на волтаметриски биосензор за симултано определување на урична киселина, билирубин и албумин. Притоа, со примена на статистичка анализа, направена е верификација на перформансите на дизајнираниот волтаметриски биосензор, што потоа е применет за симултано определување на урична киселина, билирубин и албумин во голем број примероци на хуман серум. Резултатите добиени со волтаметриските анализи се во многу добра согласност со резултатите добиени со UV VIS спектроскопија, што е конвенционална техника за ваков тип на анализи. Предноста на волтаметриската метода за испитување на урична киселина, билирубин и албумин во хуман серум е брзината, малиот волумен на примерокот, едноставноста на методата која не предвидува претретман на примерокот на хуман серум. Покрај тоа, методата функционира со волумен на хуман серум од 100 до 500 микролитри, што овозможува анализа и на мали волуменски примероци од хуман серум, а границата на детекција за сите аналити е околу 2 реда на величини пониска од соодветните граници на детекција што се реферирани со примена на UV VIS спектроскопија.

Трудот со реден број (3) со наслов „Two-step protein-film voltammetry associated with intermediate reversible chemical reaction-Diagnostic criteria for characterizing systems with inverted potentials in square-wave voltammetry“ е теоретска студија што се однесува на волтаметриските карактеристики на редокс ензими и протеини кои се редуцираат во два електрохемиски чекори и каде што постои реверзибилна хемиска реакција на електрохемиски генерираниот продукт што доведува до формирање на реактантот во вториот електрохемиски чекор. Во трудот теоретски се студирани различни сценарија во однос на потенцијалите на електродна трансформација на првиот и вториот електрохемиски чекор, а детално е студиран и ефектот на кинетиката и термодинамиката на хемиската реакција врз својствата на пиковите од двата процеси во услови на квадратно-бранова волтаметрија. Во ситуации кога двата електродни процеси имаат инвертен потенцијал, односно енергијата за одвивање на вториот електроден процес да е помала од таа на првиот електроден процес, тогаш двата процеси се одвиваат во еден волтаметриски пик. Со серија на анализи, покажано е дека дури и во ваква ситуација, при одредени брзини на хемиската реакција може да се раздвојат овие два процеси, што најчесто се отсликуваат во еден пик. Податоците претставени преку овие анализи покажуваат еден начин како да се идентификуваат двостепени електродни процеси на редокс ензими, каде двете редокс форми на ензимите

имаат инвертен потенцијал. Покрај тоа, во овој труд е покажано дека зголемувањето на концентрацијата на супстратот во вакво сценарио, може да доведе до раздвојување на двата електронски процеси. Покрај предложените дијагностички критериуми кај овој комплексен електроден механизам, претставени се и едноставни методолошки приоди за определување на кинетичките и термодинамичките параметри што се поврзани со ензимско-супстратните интеракции кај вакви механизми. Тоа е од суштинско значење за разбирање на механизмот на функционирање на голем број ензими кај кои активноста се одвива со размена на електрони во два последователни процеси.

Трудот со реден број (4) со наслов „Voltammetric biosensors based on metallic nanoparticles synthesized from plant extracts: A short overview of recent achievements" е прегледен труд, каде што се прикажани својствата на голем број на наночестички добиени врз база на редукција на метални јони со примена на екстракти од разни растенија. Покрај протоколите на добивање на металните наночестички, во трудот се дискутирани и специфичните својства, структурите и функциите на голем број метални наночестички кои се добиени со овие т.н. „зелени методи на синтеза" од растителни екстракти. Придобивките од употребата на голем број од металните наночестички добиени на ваков начин се елаборирани преку нивната употреба како платформа за модифицирање на површината на разни типови на работни електроди, што потоа се применуваат како сензори за успешна квантификација на голем број биолошки важни молекули.

Во трудот со реден број (5) што е со наслов „*Surface Electrode Mechanism Associated with Preceding and Follow up Chemical Reactions - Theoretical Analysis in Square-Wave Voltammetry*" за прв пат е публикуван теоретски модел за едностепена ензимска реакција, во која електронскиот трансфер помеѓу липофилен ензим и работната електрода е поврзан со реверзибилна претходна хемиска реакција и реверзибилна последователна хемиска реакција. Овој електроден механизам е соодветен за липофилни ензими, во електрохемиски реакции во кои почетната редокс форма на ензимот стапува во реверзибилна хемиска реакција, но и крајната редокс форма на ензимот стапува во друг тип на реверзибилна хемиска реакција. Фактот што чекорот на размена на електрони е поврзан со две хемиски реакции што се директно вклучени во електродниот механизам, го прави овој електроден механизам релативно комплексен. Во резултатите од овој труд е презентиран начин за препознавање на овој електроден механизам во услови на квадратно-бранова волтаметрија. Притоа, во трудот се претставени и методолошки постапки за определување на кинетичките и термодинамичките параметри што се поврзани со двете хемиски реакции што се спрегнати со процесот на размена на електрони. Резултатите од овој електроден механизам се од посебна важност за анализа на електрохемиската активност и процесите на деактивација кај голем број мембрански редокс ензими.

Во трудот со реден број (6) насловен „*Multistep Surface Electrode Mechanism Coupled with Preceding Chemical Reaction - Theoretical Analysis in Square-Wave Voltammetry*" се претставени резултати од електроден механизам што се однесува на волтаметриските својства на двостепен електроден механизам на липофилни редокс ензими, каде што реактантот од почетниот електронски трансфер се добива преку реверзибилна хемиска реакција. Покрај

дијагностичките критериуми за студирање на овој комплексен електроден механизам при значително различни енергии на електронските трансфери, претставен е и едноставен протокол за препознавање на овој комплексен електрохемиски механизам во сценарио кога двата електронски трансфери се одвиваат на ист потенцијал, при што двата процеси се пресликуваат во единечен волтаметриски пик. Во вакво сценарио, покажано е дека преку зголемување на концентрацијата на супстратот што е инволвиран во хемиска реакција за генерирање на почетната редокс форма на ензимо, може да се разработи едноставна метода за раздвојување на двата електронски процеси. Покрај тоа, во трудот се презентирани и едноставни методи што можат да послужат како алатки во евалуацијата на кинетичките и термодинамичките параметри поврзани со хемиската реакција вклучена во овој механизам.

Во трудот со реден број (7) со наслов „*Analysis of Enzyme-Substrate Interactions from Square-Wave Protein-Film Voltammetry of Complex Electrochemical-Catalytic Mechanism Associated with Reversible Regenerative Reaction*“ се претставени својствата на реверзибилен електроден механизам на липофилен ензим во сценарио каде што постои т.н. реверзибилна регенеративна хемиска рамнотежа. Овој електроден механизам е презентиран во услови на квадратно-бранова волтаметрија и истиот е релевантен за определување на ензимско-супстратните интеракции од регенеративна природа. Преку зависностите на пик потенцијалите на вкупните волтаметриски пикови, како и интензитетот на струите на пиковите како функција од концентрацијата на супстратот, предложени се едноставни методи за определување на кинетиката на ензимско-супстратните регенеративни интеракции.

Во трудот со реден број (8) насловен „*Analysis of drug-drug interactions with a cyclic voltammetry - an overview of relevant theoretical models and recent experimental achievements*“ се претставени резултатите од неколку важни теоретски модели за површински електродни реакции (реакции поврзани со атсорпциски феномени), како и за т.н. дифузионо-контролирани електрохемиски реакции во услови на циклична волтаметрија. Кај сите електродни механизми, претпоставено е дека една или двете редокс форми на електрохемиски активните супстанции се вклучени во претходни, последователни или регенеративен тип на хемиски реакции. Во трудот се претставени критериуми за едноставно дијагностицирање на секој од елаборираните електрохемиски механизми, при што се презентирани и соодветни протоколи што можат да се искористат за определување на кинетички и термодинамички параметри поврзани со хемиските реакции во кои стапуваат студираните редокс системи. Резултатите од овој научен труд се релевантни за испитување на електрохемиските својства на голем број липофилни и хидрофилни системи (лекови, ензими, протеини, метални комплекси) што стапуваат во интеракции со други хемиски системи.

Во трудот со реден број (9) со наслов „Theoretical Aspects of a Surface Electrode Reaction Coupled with Preceding and Regenerative Chemical Steps: Square-*wave Voltammetry of a Surface CEC’ Mechanism*“ за првпат е претставен модел што се однесува на електрохемиска студија на липофилни редокс ензими, чија почетна редокс форма се добива преку реверзибилна хемиска реакција, додека електрохемиски генерираниот продукт на редокс ензимот стапува во иреверзибилна регенеративна реакција. Резултатите од овој теоретски

модел е релевантен за студирање на ензимско-супстратните интеракции на голем број липофилни редокс ензими и протеини кај кои постои и хемиска рамнотежа поврзана со генерирањето на иницијалната форма на редокс ензимот од интерес. Од теоретските волтамограми што се симулирани при различни услови за кинетиките на двете хемиски реакции, презентирани се едноставни критериуми за дијагностицирање на овој комплексен електроден механизам во услови на квадратно-бранова волтаметрија. Покрај тоа, од зависностите на потенцијалите на вкупните пикови и интензитетот на струите на волтаметриските пикови како функција од концентрацијата на супстратите инволвирани во хемиските реакции, презентирани се методолошки пристапи што можат да помогнат во процесот на определување на кинетичките параметри на хемиските реакции што се поврзани со процесот на размена на електрони помеѓу работната електрода и редокс формите на ензимот од интерес.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната презентирана активност на асистент Павлинка Кокошкарова, доктор на хемиски науки, може да се заклучи дека Павлинка Кокошкарова покажала извонредни резултати во периодот по нејзиниот избор во асистент. Притоа, во периодот од изборот за асистент од 2019 година до сега, асистент д-р Павлинка Кокошкарова е автор на вкупно 11 трудови, сите публикувани во списанија со висок фактор на влијание. Од тие 11 трудови публикувани во периодот од 2019 година до сега, 9 трудови се публикувани во последните 5 години и истите се евалуирани во овој реферат. За квалитетот на нејзините публикации, д-р Павлинка Кокошкарова е повеќекратно наградена од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Покрај нејзината инволвираност во реализацијата на практичните вежби по голем број предмети на различни студиски програми на македонски и на англиски јазик, д-р Павлинка Кокошкарова континуирано го надградува нејзиниот научен опус. Нејзините експериментални искуства, д-р Павлинка Кокошкарова ги искористила и во изработката на нејзината докторска дисертација под менторство на проф. д-р Валентин Мирчески. Докторската дисертација на д-р Павлинка Кокошкарова е поврзана со дизајнирање на електрохемиски сензори за симултано определување на важни физиолошки системи (урична киселина, билирубин и албумин) присутни во хуман серум, во едноставно експериментално сценарио. Д-р Павлинка Кокошкарова има солидно познавање на голем број инструментални техники што се употребуваат во клиничката биохемија, електрохемијата и во аналитичката биохемија, како што се УВ ВИС спектроскопија, циклична волтаметрија, квадратно-бранова волтаметрија, електрофореза и потенциометрија. Павлинка Кокошкарова има просек од 8.83 од првиот циклус на студии и има просек 10.00 од магистерските студии, како и просек од 10.00 од докторските студии по хемија што ги завршила на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Д-р Павлинка Кокошкарова има остварено 30 поени од наставно-образовна дејност, 143.5 поени од научноистражувачка дејност и 28 поени од стручно-апликативна дејност, или вкупно 201.5 поени од сите дејности. Важно е да се потенцира дека искуствата од клиничката биохемија и електрохемијата,

д-р Павлинка Кокошкарова знае да ги пренесе на ефикасен и едноставен начин на студентите и да ги поврзе со физиолошките феномени во живите организми. Д-р Павлинка Кокошкарова поседува исклучителна способност за пренесување на знаењето кон студентите на исклучително разбирлив и едноставен начин.

**Имајќи ги предвид нејзините постигнувања што се наведени во овој Извештај, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип да ја избере асистент д-р Павлинка Кокошкарова во звање доцент во научните области хемија (1.04.00.01) и биохемија (1.04.00.06).**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Татјана Рушковска, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Слоботка Алексовска, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Валентин Мирчески, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | **Избор во звање асистент** | | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Научен труд објавен во списание со фактор на влијание во последните 5 години | | | **4** (трудови со реден број 2, 3, 5 и 9) | 15 | **60** |
| | **Прв автор** | | | **1**(труд со реден број 1, со повеќе од 5 автори) | 0.7 x 15 = 10.5 | **10.5** |
| | Втор автор | | | **4** (трудови со реден број 4, 6, 7 и 8) | 10 | **40** |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | **8** |
| | Учество на научен собир со постер (три учества на конгреси во земјава, под број 15 и 16 и 18 и едно учество со постер на симпозиум во Полска, под реден број 17) | 3 | 1 | 1 | 2 | **5** |
| | Рецензент на трудови поднесени во списание со фактор на влијание (рецензент на 4 труда поднесени за рецензија во списанието „Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering", фактор на влијание = 1.1, СЦИ) | 4 | 2 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **143.5** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Учесник во научен проект<br>Учесник во проект финансиран од Фондацијата DAAD (Germany) SOE DAAD: From molecules to functionalized materials, интернационален проект | | | 1 | 8 | **8** |
| | Стручни награди и признанија:<br><br>-Добитник на четири стручни награди и признанија и тоа:<br>1. Награда за најдобар труд на докторанд на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во 2022 година;<br>2. Награда за најдобар труд од докторанд од областа на природни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во 2023 година;<br>3. Признание за труд од докторанд во 2022 година;<br>4. Признание за труд од докторанд во 2023 година.<br>Сите награди и признанија се добиени за ден на наука од Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип<br>5. Добитник на стипендија за докторски студии од МОН во 2022 година | 5 | 4 | | | **20** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **28** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **201.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА**
**ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ**
**И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-48/4 од 10.3.2025 година донесена на 135. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 10.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање редовен професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип:

- проф. д-р Ангеле Михајловски, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- проф. м-р Златка Митева, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ од 15.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави м-р Наташа Трбојевиќ, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Наташа Трбојевиќ е родена во 1965 година во Штип. Музичкото образование го стекнува во родниот град. Своето образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во класата по пијано на проф. м-р Лепша Пиперковска, магистрира во класата на проф. м-р Евушка Елезовиќ. За време на своето школување има освоено многубројни награди на домашни и меѓународни натпревари. Посетува семинари по пијано кај истакнати пијанисти: А. Валдма, Тимакин, Д. Трбојевиќ, Ј. Михајловиќ и др.

Од 1988 год. работи како професор по пијано и корепетиција во Средното музичко училиште во Штип. Учествувала како педагог со свои ученици, како и член на жири-комисија на меѓународни и државни натпревари по пијано и камерна музика. Нејзините ученици освоиле многубројни награди.

Од 2007 година работи како уметнички соработник, а од 2016 година како доцент на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а од 2020 година е вонреден професор.

Наташа Трбојевиќ реализира многубројни соло рецитали, концерти со познати солисти од земјава и во странство (Златка Митева, Бранко Павловски, Благица Поптомова, Васо Ристов,Карел Донхал, Анѓела Братиќ), со пијано дуетот Трбојевиќ-Настовски, на познати домашни и странски фестивали. Во 2020 година одржа три солистички рецитали во Штип, Неготино и Кочани.

Со флејтистката Златка Митева остварува успешни концерти во Касел, Германија, Музеј „Борис Христов" во Софија, Бугарија, во MC Gallery во Њујорк, САД, „Concerti del Tempietto " во Рим, Италија, Загреб, Хрватска, Белград и Нови Сад, Србија, КИЦ на РС Македонија во Истанбул, Турција, КИЦ на РС Македонија во Загреб, Хрватска, како и на фестивалите во Македонија: „Штипско лето", Фестивал на современа музика во Штип, ДММ 2022 во Скопје, „Петровденски конаци" во Кочани, УГ Безистен во Штип, Струмица, Тетово, Прилеп, Битола, Велес, Гевгелија, Охрид и др.

Од 2015 година е член на академскиот камерен состав „ТРИО АКАДЕМИКО" и заедно со овој состав концертира на повеќе фестивали во Македонија и во странство: Света Софија, Охрид, Штипско културно лето, Скопско лето, Музеј на Град Скопје, Фестивалот „Про музика" во КИЦ во Битола, Фестивалот „Интервокс" во Осиек, Хрватска, концерт во Белград и Нови Сад во Србија на Уметничката академија „Франц Лист" во Печ, Унгарија на Фестивалот „Sollei" во Созопол, Р Бугарија, во КИЦ на РС Македонија во Софија, во салата „Јан Деил" во Прага, Чешка, на фестивалот „Flute magikj" во Тирана, на Музичката академија во Минстер, Германија.

2020 година Наташа Трбојевиќ е добитник е на државната награда „Георги Божиков" за најдобра изведба на македонско дело на дуетот Митева-Трбојевиќ, а од 2029 година е почесен член на Фондацијата „Томислав Зографски".

Во 2015 година издаде ЦД „Барокна музика за глас труба и пијано", заедно со Васо Ристов и Благица Поптомова. Во 2017 година заедно со флејтистката Златка Митева издаде ЦД „Музика за флејта и пијано од македонски автори". Во 2024 година го издаде авторското ЦД „Музика од светската класика" на „ТРИО АКАДЕМИКО", заедно со флејтистката Златка Митева и кларинетистот Бранко Павловски.

Во моментов Наташа Трбојевиќ е вонреден професор на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Критериумите за избор во сите звања наведени во конкурсот беа следниве:**

**Општи услови за избор**

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите законски услови наведени во Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапки во за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев " во Штип.

Кандидатката проф. м-р Наташа Трбојевиќ ги има сите потребни документи:

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;

- Уверение за положени испити за прв и втор циклус студии;
- Кратка биографија;
- Список на објавени научни стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Уверение за државјанство.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор**

1. Кандидатката проф. м-р Наташа Трбојевиќ е избрана за наставник во звањето вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната и уметничка област техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави“ од страна на наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ на 19.8.2020 година во Штип (Универзитетски билтен бр.258 258-2.pdf)
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите од прв и втор циклус студии (додипломски студии завршува со просек 9,27, постдипломски студии со просек 10). Таа на Конкурсот има приложено оригинални дипломи, уверенија за положени испити и фотокопии заверени на нотар и тоа:
   - Диплома за завршени магистерски студии по музичка интерпретација и композиција, со што се стекнала со право на стручен назив магистер по музички уметности.
   - Диплома за завршени додипломски студии на Одделот за пијано, по што се стекнала со право на стручен назив дипломиран пијанист.
3. Има изведено признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава: осум целовечерни концерти во земјава или во странство.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Година на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наташа Трбојевиќ, Златка Митева, Бранко Павловски | Целовечерен концерт | Концерт на „Трио академико“ на Музичката академија во Минстер, Германија | 6.11.2024 г. |
| 2. | Наташа Трбојевиќ, Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт за флејта и пијано од македонски композитори во КИЦ на РС Македонија во Загреб, Хрватска | 15.10.2024 г. |
| 3. | Наташа Трбојевиќ, Карел Дохнал | Целовечерен концерт | Концерт за кларинет и пијано на „Меѓународниот фестивал за современа музика“ во УГ Безистен во Штип | 27.5.2024 г. |
| 4. | Наташа Трбојевиќ Златка Митева, Бранко Павловски | Целовечерен концерт | Концерт на „Трио академико“ во салата „Јан Деил“ во Прага, Чешка | 14.3.2023 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Наташа Трбојевиќ, Златка Митева, Бранко Павловски | Целовечерен концерт | Концерт на „Трио академико“ на фестивалот „Солеј“ во Созопол, Бугарија | 5.6.2022 г. |
| 6. | Наташа Трбојевиќ, Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева, „Концерт на лауреати“ на Фестивалот „Денови на македонска музика“ во Музеј на македонската борба во Скопје | 26.9.2021 г. |
| 7. | Наташа Трбојевиќ и Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во Културно-информативниот центар на РС Македонија во Истанбул, Турција | 20.9.2021 г. |
| 8. | Наташа Трбојевиќ | Целовечерен солистички рецитал | Концерт на Наташа Трбојевиќ во Музеј на град Неготино | 28.12.2020 г. |

Кандидатката вонр. проф. м-р Наташа Трбојевиќ има приложено концертни програми и плакати за изведба на 28 целовечерни концерти (19 во земјава и 9 во странство). Концертите се реализирани од август 2020 година до јануари 2025 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

4. Има придонес во оспособувањето на помладите наставници и соработници

- Кандидатката проф. м-р Наташа Трбојевиќ има придонес во оспособување на помлади наставници и соработници. Дипломираните музичари активно работат како наставници и уметнички соработници на пијано во основните и средните музички училишта во Р Македонија и во странство. Исто така, тие се оспособуваат за самостојно изведување на камерни концерти и како уметнички соработници.

5. Покажала способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност

- Кандидатката до проф. м-р Наташа Трбојевиќ има способност за изведување на високообразовна дејност, успешно изведува настава на студентите од класите по пијано по предметот Корепетиција и читање прима виста и камерна музика учествува активно во наставата и испитите на додипломските и магистерски студии од класите по кларинет, флејта, труба и соло пеење. Нејзините студенти настапуваат на сите концерти организирани од страна на Вокално-инструменталниот оддел, а и учествува со уметничка соработка на концерти, дипломски и магистерски концерти и натпревари.

6. Има издаден универзитетски учебник или ЦД

- Проф. м-р Наташа Трбојевиќ има издадено авторско ЦД (Аудио ЦД на „Трио академико“ - „Музика од светската класика“), заедно со проф. м-р Златка Митева и проф. д-р Бранко Павловски.

7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот.

- М-р Наташа Трбојевиќ има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)= 40, (НИ)= 45, (САОР)= 15 или вкупно 100 поени.

М-р Наташа Трбојевиќ има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) = 40 , (НИ) = 121, (САОР) = 21 или вкупно 182 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 19.8.2020 година проф. м-р Наташа Трбојевиќ е избрана за наставник во звањето вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната и уметничка област техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Претходно е избрана како доцент во 2016 година на Музичката академија. Од 2007 до 2016 година работи како корепетитор на Музичката академија.

Трбојевиќ, заедно со флејтистката Златка Митева, се автори на рецензирана скрипта (објавена во е-библиотека) за потребите на студентите на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ – „Интерпретациските проблеми на Сонатата за флејта и пијано Ундин“ оп.167 од Карл Рајнеке со анализа на први став https://e-lib.ugd.edu.mk/528 (види табела Наставно-образовна дејност под реден бр.4).

Трбојевиќ е авторка на две интерни учебни помагала за потребите на студентите по предметот Корепетиција и а виста (вежби): Песни за глас и пијано – Р.Шуман оп.40, оп.87, оп.125 и Песни за глас и клавир – Р.Шуман оп.48.

Од изборот од 2016 година до денес година таа го предава предметот Корепетиција со читање прима виста и камерна музика на студентите од Вокално-инструменталниот оддел – оддел Пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ (види табела Наставно-образовна дејност под реден бр. 25).

Во периодот од август 2020 година до јануари 2025 година студентите од Класата по корепетиција и читање прима виста одржаа 10 концерти и настапи на концерти организирани од Музичката академија. Исто така, како уметнички соработник на класите по кларинет, флејта, труба, соло пеење и виолина настапува на 23 целовечерни концерти и настапи (дипломски концерти, годишни и новогодишни концерти, аудиции и фестивали).

Во 2021 година нејзините студенти ја освоија специјална награда на Меѓународниот фестивал на млади музичари „Сергеј Михајлов“ во Штип:

1. 25.12.2024 - Концерт на Бојан Ѓоргиевски и Наташа Трбојевиќ – уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ, концертна сала на Музичка академија во Штип;
2. 19.12.2024 - Концерт на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип во рамките на циклус концерти „Виртуозо“. Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од класите по кларинет и флејта, концертна сала на Музичката академија во Штип.
3. 3.6.2024 - Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел

при Музичката академија во Штип на „Фестивалот за современа музика 2024". Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од класата по кларинет, УГ Безистен во Штип.

4. 17.5.2024 - Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од Класата по кларинет на Музичката академија од Штип, на Аудицијата во Македонската филхармонија во Скопје.

5. 19.12.2023 - Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип. Уметничка соработка на пијано на студентите од класите по кларинет, флејта, како и учество на студентите од класата на проф. м-р Наташа Трбојевиќ, концертна сала на Музичката академија во Штип.

6. 15.9.2023 – Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ на Дипломски концерт на Марија Стојанова – пијано, во концертната сала на Музичката академија во Штип.

7. 29.6.2023 – Дипломски концерт на Бојан Шапковски – кларинет, уметничка соработка на пијано проф. м-р Наташа Трбојевиќ во концертната сала на Музичката академија во Штип.

8. 26.6.2023 – Дипломски концерт на Трајче Илов – кларинет, уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ во концертната сала на Музичката академија во Штип.

9. 7.6.2023 – Концерт на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија на „Фестивалот за современа музика", уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од класите по кларинет и флејта во УГ Безистен во Штип.

10. 10.4.2023 – Уметничка соработка на пијано со студенти од класата по кларинет на проф. м-р Наташа Трбојевиќ на Концерт на Фестивалот „Кларифест" во Салон 19.19 во Скопје.

11. 21.12.2022 – Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија. Уметничка соработка на пијано проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од класите по кларинет и флејта, како и учество со своја класа по корепетиција и читање прима виста, во концертната сала на Музичката академија во Штип.

12. 30.6.2022 – Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ на дипломски концерт на Илија Мицов – труба, во концертната сала на Музичката академија во Штип.

13. 1.6.2022 – Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ на Дипломски концерт на Лилјана Каракашева – виолина во концертната сала на Музичката академија во Штип.

14. 19.5.2022 – 15 години УГД, Концерт на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД - Штип. Уметничка соработка на проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од класите по флејта, кларинет и труба, УГ Безистен во Штип.

15. 10.5.2022 – Уметничка соработка на пијано на проф. м-р Наташа Трбојевиќ на Дипломски концерт на Маноилова Милена - пијано.

16. 4.5.2022 – Настап на проф. м-р Наташа Трбојевиќ со Тамара Лазарова - студентка од Класата по флејта на „Слободна среда" во Музејот на македонската борба во Скопје.

17. 22.12.2021 – Новогодишен концерт на студентите од Музичката академија при УГД - Штип (Организација и уметничка соработка на пијано проф. м-р Наташа Трбојевиќ со студентите од класите по виолина, флејта и кларинет) во концертната сала на Музичката академија во Штип.

18. 13.12.2021 – Уметничка соработка на пијано проф. м-р Наташа Трбојевиќ на Дипломски концерт на Тамара Лазарова - флејта во концертната сала на Музичката академија во Штип.

19. 7.7.2021 – Учество во организација и реализација на онлајн концерт Завршен концерт на студенти и професори од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија.

20. 10 – 14.5.2021 – претседател на Жири-комисијата за пијано и дуо-пијано (категории: втора А, втора Б и трета Б) на натпреварот во рамките на Меѓународниот фестивал на млади музичари „Сергеј Михајлов 2021“).

21. 12.5.2021 – Настап на студентките Марија Стојанова и Александра Здравева од класата на проф. м-р Наташа Трбојевиќ во категоријата трета Б дуо- пијано на Меѓународниот натпревар за млади музичари во Штип, тие ја освоија специјалната награда 100 поени.

22. 13.5.2021 – Настап на студентките од класата на проф. м-р Наташа Трбојевиќ на Завршниот концерт на наградените учесници на Меѓународниот фестивал за млади музичари „Сергеј Михајлов“ во Штип.

23. 24.3.2021 – Подготовка во учество и реализација на онлајн концерт: Музичка разгледница по повод 14 години постоење на УГД - Штип.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**

Од доставената документација, во периодот по изборот м-р Наташа Трбојевиќ во претходното звање вонреден професор во август 2020 година до денес, во признати домашни и странски концертни сали има вкупно 28 целовечерни концерти од кои 19 во земјава, 9 во странство, 23 концертни настапи со студентите. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупниот број поени од овие концерти).

Целовечерен солистички – камерен концерт:

Во земјава:

1. 10.10.2024 – Целовечерен концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во Музеј на град Неготино https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35355
2. 8.10.2024 – Целовечерен концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во концертната сала на Музичката академија при УГД - Штип https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35354
3. 4.6.2024 – Целовечерен концерт на Трио академико во рамките на Фестивалот „Pro Musica» во Културно-информативниот центар во Битола https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35353
4. 28.5.2024 - Концерт на Ангела Братиќ и Наташа Трбојевиќ на меѓународниот „Фестивал за современа музика 2024» во УГ Безистен во Штип) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35352

5. 27.5.2024 – Концерт на Карел Дохнал и Наташа Трбојевиќ на меѓународниот „Фестивал на современа музика 2024“ во УГ Безистен во Штип https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35357
6. 5.6.2023 – Целовечерен концерт на Трио академико во рамките на „Фестивалот за современа музика 2023“ во УГ Безистен во Штип https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32937
7. 14.11.2022 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во концертната сала на Дом на култура во Гевгелија https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30922
8. 11.11.2022 – целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во ОМУ „Лазо Митев Рале“ во Кавадарци https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30923
9. 9.11.2022 – Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во ОМУ „Боро Џони“ во Струмица https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30924
10. 19.10.2022 – концерт на Трио академико на Хуманитерната изложба „Барокни деца“ во УГ Безистен во Штип https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31297
11. 15.9.2022 – Концерт на Трио академико на Свечената академија по повод меѓународниот ден на НР Кина ви УГ Безистен https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31278
12. 14.6.2022 – Целовечерен концерт на Трио академико во рамките на Фестивалот „Pro Musica“ во Музејот на македонската борба во Скопје https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31278
13. 3.6.2022 – Целовечерен концерт на Трио академико во концертната сала на Мултикултурниот центар во Кочани https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30926
14. 19.12.2021 – Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Тамара Лазарова во Музеј на град Неготино https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29040
15. 27.9.2021 – Концерт на лауреати – „Концерт на македонски композитори на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ“ на Фестивалот „Денови на македонска музика“ во Музејот на македонската борба во Скопје https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29040
16. 7.7.2021 - Концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ „Вечер на македонски композитори – музика за флејта и пијано“ во НУЦК „Марко Цепенков“ во Прилеп https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29037
17. 28.12.2020 – Солистички концерт на Наташа Трбојевиќ во Музеј на град Неготино https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27333
18. 25.12.2020 – Солистички концерт на Наташа Трбојевиќ во концертната сала на ОМУ „Ристо Јуруков“ во Кочани, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27332
19. 24.12.2020 – Солистички концерт на Наташа Трбојевиќ во концертната сала на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27292

Во странство:

1. 6.11.2024 - Целовечерен концерт на Трио академико во концертната сала на Музичката академија во Минстер, Германија https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35411

2. 15.10.2024 – Целовечерен концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ „Музика за флејта и пијано од македонски композитори“ во Културно-информативниот центар на РС Македонија во Загреб, Хрватска https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35356
3. 13.6.2023 – Целовечерен концерт на Трио академико на Фестивалот „Flauti magjik“ во Тирана, Албанија https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32912
4. 14.3.2023 – Целовечерен концерт на Трио академико во концертната сала „Jan Deil“ на Конзерваториумот во Прага, Чешка https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31687
5. 23.4.2023 – Целовечерен концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ на Фестивалот „Flaute and me“ во „Културна станица“ во Нови Сад, Србија tps://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30937
6. 7.6.2022 – Целовечерен концерт на Трио академико во Културно-информативниот центар на РС Македонија во Софија, Бугарија https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30928
7. 5.6.2022 – Целовечерен концерт на Трио академико на Единаесеттиот франкофонски фестивал „Solej“ во Созопол, Р Бугарија https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30927
8. 15.5.2022 – „Вече флаута и клавира“ – Концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ на Фестивалот „Мај, месец музике“ во Врање, Р Србија https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30929
9. 20.9.2021 – Концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во Културно-информативниот центар на РС Македонија во Истанбул, Турција https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29039

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

1. Во 2024 година проф. м-р Наташа Трбојевиќ, заедно со проф. м-р Златка Митева и проф. д-р Бранко Павловски го издаде авторското ЦД „Музика од светската класика“.
2. Од мај 2019 година до денес вонр. проф. м-р Наташа Трбојевиќ е член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени) од 2015 година до 2025 година проф. Наташа Трбојевиќ е редовен член на ННУС на Филмската академија, редовен член на Комисијата за завршни испити по предметот Корепетиција со читање прима виста и камерна музика, на Вокално-инструменталниот оддел на додипломски студии, претседател на Комисијата за односи со јавноста на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Во септември 2020 година вонр. проф. м-р Наташа Трбојевиќ ја добива Државната награда „Георги Божиков“ за најуспешно изведено македонско дело, заедно со флејтистката проф. м-р Златка Митева.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната и уметничка област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во

звање редовен професор за наставно-научната и уметничка област – музички уметности и науки (6.04.00.05), согласно со Законот на високото образование и Правилникот за единствени критериуми за постапка на избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности, преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисија има особено чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот м-р Наташа Трбојевиќ да биде избрана во звање редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на м-р Наташа Трбојевиќ во звање редовен професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Ангеле Михајловски, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор, член, с.р.
Проф. м-р Златка Митева, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | **1** | **40** | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба 28 целовечерни концерти (19 во земјава и 9 во странство) | 19x3 | 57 | 9x6 | 54 | 111 |
| **21.** | Награди и признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско музички награди (Државна награда „Георги Божиков“ за најуспешно изведено македонско дело од СОКОМ 2020, Специјална награда на Меѓународниот натпревар за млади музичари „Сергеј Михајлов“ 2021) | 2x5 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | 67 | | 60 | **121** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Издаден компакт-диск ЦД | 1 | 10 | | | **10** |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела (член на универзитетски сенат на УГД – Штип мај 2019) | 1x5 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (претседател на комисијата за доверба со јавност, комисиите за завршни и приемни испити) | 3x2 | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **21** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **182** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНАТОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-66/7 од 11.3.2025 година донесена на 334. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област анатомија (3.01.00.01) - еден извршител на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- д-р Светлана Јовевска, редовен професор за наставно-научната област анатомија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- д-р Ники Матвеева, редовен професор за наставно-научната област анатомија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, член;
- д-р Џенгис Јашар, редовен професор за наставно-научната област патолошка анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 15.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави д-р Сања Маркова, доктор на медицински науки, специјалист по акушерство и гинекологија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Сања Маркова, родено презиме Балџиева, е родена 16.2.1990 година во Струмица. Основно и средно образование завршува во Струмица. Во учебната 2008/2009 година се запишува на студии по Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Дипломира во јуни 2014 година со просек 9.69. По дипломирањето од Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип и е доделена Плакета за најдобар студент на генерација на Факултетот за медицински науки. Во декември 2014 година се стекнува со лиценца за лекар по општа медицина, а во септември 2015 година започнува приватна специјализација по акушерство и гинекологија на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј» - Скопје. По завршување на специјализацијата, од февруари 2021 г., работи како специјалист по акушерство и гинекологија при ЈЗУ Општа болница Струмица. Сања Маркова во септември 2018 година започнува докторски студии на Школата за трет циклус на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип на студиска програма Базични и клинички иследувања

во медицината кои успешно ги завршува со просек 10,00 и на 13.11.2024 г. се стекнува со титулата доктор на медицински науки, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Тироидна дисфункција како предиктивен фактор во спонтана загуба на рана бременост" под менторство на проф. д-р Светлана Јовевска и екстерен ментор проф. д-р Самуел Садикарио.

Д-р Сања Маркова, од септември 2014 година, веднаш по дипломирањето е ангажирана на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип како демонстратор (волонтерски) за предмети од областа на анатомија. Следната студиска година, септември 2015 г., е ангажирана како надворешен соработник од стручност на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. На 30.6.2017 г., д-р Сања (Балџиева) Маркова е избрана во асистент-докторанд од областа на анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Во тек на студиите, како и по дипломирањето, кандидатката има реализирано неколку студиски престои и клинички практики во странство на: 3. Медицински факултет „Charles University" во Прага, Чешка; „Самарскиот медицински универзитет" - Русија; Klinikum Nord" во Нимберг, Германија; Мисионерската клиника (Mission Klinik) во Вирцбург (Wuerzburg), како член на програмата „Мостови на разбирање" со доктори за мир и социјална одговорност (IPPNW), Клиника за гинекологија при УСБАЛО-ЕАД Софија, Р Бугарија.

Во текот на целото средно и високо образование е стипендирана како талентиран ученик, потоа и студент.

Сања Маркова е автор/коавтор на повеќе објавени научни трудови, како и учесник на научни собири, конференции, работилници и симпозиуми во земјава и во странство, како и бројни онлајн курсеви и работилници акредитирани од European Accreditation Council for Continuing Medical Education (EACCME) и вреднувани со CME кредити (ECMECs).

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

**Општи услови за избор**

Кандидатката д-р Сања Маркова ги исполнува условите за избор во звање насловен доцент од областа анатомија, односно:

- Кандидатката има завршено интегрирани студии од прв и втор циклус студии со времетраење од шест години студии (360 ЕКТС) на Факултет за медицински науки, студиска програма Општа медицина при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип со просечен успех 9,69.
- Кандидатката е доктор на медицински науки – Базични и клинички истражувања во медицината со просечен успех 10,00.
- Кандидатката има објавено минимум четири научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтна публикација во последните пет години.
- Кандидатката поседува потврда за познавање на најмалку еден странски јазик, односно има доставено валидни три сертификати: од British Council - IELTS со CEFR Level-B2; Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје со степен C2 за познавање

на англиски јазик во струка – медицина; Филолошки факултет, Институт за јазици при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со положен испит со 49/50 поени.

- Кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност и е избрана за асистент-докторанд за научна област анатомија за време од пет години на Факултетот за медицински науки во 2017 год. (Одлука бр. 2002-193/4 од 30.6.2017 г., Универзитетски билтен бр.192 од 14.6.2017 година).
- Кандидатката има завршено петгодишна специјализација по акушерство и гинекологија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” -Скопје.

**Трудови објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години:**

| Ред. број | Автори | Наслов на трудот | Наслов на списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Markova (Baldzieva), Sanja** and Jovevska, Svetlana and Markov, Petar and Baldzieva, Anica. | *Age and thyroid dysfunction as risk factors for spontaneous early pregnancy loss and the need for thyroid function screening in women of reproductive period* | Knowledge-International Journal, 67 (4). pp. 525-530. ISSN 2545-4439 /1858-923X (2024) | 2009 |
| 2. | **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana and Ljupka, Lazareva | *Pregnancy complications in maternal's hyperthyroidisam and hypothyroidisam.* | Knowledge-International Journal, 61 (4). pp. 759-766. ISSN 2545-4439/1857-923X (2023) | 2009 |
| 3. | Lazareva, Ljupka and Jovevska, Svetlana and **Baldzieva, Sanja** | *Efficacy of myo-inositol and d-chiro-inositol combination on menstrual cycle regulation and improving insulin resistance in young woman with polycystic ovary syndrome.* | Knowledge-Internationa Journal, 61 (4). pp. 773-775. ISSN 2545-4439/1857-923X (2023) | 2009 |
| 4. | **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana | *Correlation between Thyroid Stimulating Hormone (TSH) levels in maternal blood and risk of spontaneous abortion in the first trimester.* | Knowledge-International Journal, 60 (4). pp. 579-586. ISSN 1857-923X/2545-4439 (2023) | 2009 |
| 5. | Mitevski, Aleksandar and Jovevska, Svetlana and Dukovska, Vesna and **Baldzieva, Sanja** and Markov, Petar | *Primary reconstruction with sliding cutaneous flap in abdominoperineal resection – a case report.* | Knowledge-International Journal, 60 (4). pp. 595-599. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (2023) | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana | *Changes in the physiology of the thyroid gland in pregnancy and the need for trimester-specific reference values in thyroid status a review.* | Knowledge-International Journal, 54 (4). pp. 583-588. ISSN 2545-4439 (2022) | 2009 |

**Посебни услови:**

- Кандидатката има доставено препораки од тројца (најмалку двајца) професори од соодветната научна област за која се врши изборот.
- Кандидатката има остварено престој стручно-едукативен престој во странство, Клиника за гинекологија при УСБАЛО-ЕАД София, Р Бугарија, 19-26.6.2023 г.
- Кандидатката има добиено посебно признание – Плакета за најдобар студент во генерацијата со остварен највисок просек на студии.
- Кандидатката има учество во научноистражувачки проект како помлад истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати: Position of the mental aperture and its relationship with the mandibular channel. Jovevska, Svetlana and Petrovski, Mihailo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Baldzieva, Sanja (2018).
- Кандидатката е коавтор на практикум и скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, достапна на е-библиотека:
- Симоновска, Љиљана и Балџиева, Сања (2015) Практикум по пулмологија и фтизиологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-212-9;
- Симоновска, Љиљана и Балџиева, Сања (2015) Одбрани поглавја од фтизиологија и пулмологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-196-2.
- Кандидатката била секретар во Организациски комитет на Конгрес на IPPN Western Balkans Meeting, организирано од Doctors for peace and Social Responsibility (IPPNW Macedonia affiliate) во 2018 г., Маврово.
- Кандидатката активно учествува во работилници за што има доставено соодветни сертификати, има престои во странство, за кои исто така има доставено соодветни потврди каде го унапредува своето стручно познавање, кое понатаму го пренесува на своите колеги и студенти при одржувањето на практичната настава.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Сања Маркова, во септември 2014 година, првпат склучува Договор со Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип за демонстратор (волонтер) за предмети од областа на анатомија, при што одржува вежби по анатомија на студентите од сите насоки на студиската програма на Високата медицинска школа и Дентална медицина во зимскиот семестар и Фармација и Дентална медицина во летниот семестар. Во септември 2015 година го склучува Договорот со Факултетот за медицински науки за надворешен соработник од стручност и учествува во одржување вежби од област анатомија за студентите на Општа медицина и Дентална медицина, Нега на болен за студентите на сите насоки на Високата медицинска школа,

Пулмологија и Геријатрија за студентите на Општа медицина. Од 30.6.2017 г., д-р Сања Маркова е именувана во асистент-докторанд од областа на анатомија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Како асистент реализира вежби по предметите: Анатомија 1 и Анатомија 3 во непарен семестар за студиска програма Општа медицина; Анатомија 1 – во непарен семестар за студиска програма Дентална медицина; Анатомија 2 – во парен семестар за студиска програма Општа медицина; Анатомија 2 – во парен семестар за студиска програма Дентална медицина. Кандидатката активно учествува во спроведување на сите предиспитни активности, одржување колоквиуми, практични испити на предметите од областа анатомија.

**Научни трудови објавени во меѓународно научно списание во последните пет години**

1. **Markova (Baldzieva), Sanja** and Jovevska, Svetlana and Markov, Petar and Baldzieva, Anica (2024) *Age and thyroid dysfunction as risk factors for spontaneous early pregnancy loss and the need for thyroid function screening in women of reproductive period.* Knowledge – International Journal, 67 (4). pp. 525-530. ISSN 2545-4439 /1858-923X

Возраста е предиктивен ризик-фактор за спонтана загуба на рана бременост, особено кај мајки со возраст над 35 години. Ризикот од функционални заболувања на тироидната жлезда е за 8 до 9 пати поголем кај жените за разлика од мажите и се зголемува правопропорционално со возраста на жената со пик помеѓу 30 и 50 години. Во овој труд кандидатката иследува 50 испитанички со анамнеза за спонтана загуба на рана бременост, при што разгледувани се испитанички кои во претходен период од својот живот имале една или повеќе успешни бремености кои завршиле со терминско породување, но во друг период од животот во моментот на влез во истражувањето се соочуваат со дијагноза на спонтан абортус во рана бременост. Целта на овој труд е да се променат ставовите за скрининг на тироидна функција кај жени во репродуктивен период. Дел од добиените резултати регистрираат сигнификантна умерено јака позитивна корелација за $p<.05$ ($R=0.765018$) кај испитаничките помеѓу возраста на прво живородено дете и возраста кога имала спонтан абортус. Тоа може да се должи на непрепознаена состојба во претходните бремености, напредна возраст во моментална бременост со спонтан абортус, како и зголемување на инциденцата на тироидна дисфункција правопропорционално со возраста. Скринингот на тироидна функција предконцепциски, особено кај жени над 30 години може да го намали ризикот од спонтан абортус поради непрепознаена или несоодветно третирана тироидна дисфункција.

2. **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana and Ljupka, Lazareva (2023) *Pregnacy complications in maternal's hyperthyroidisam and hypothyroidisam.* Knowledge-International Journal, Vol.61 (4). pp. 759-766. ISSN 2545-4439/1857-923X

Заболувањата на тироидната жлезда, независно дали манифестна или супклиничка тироидна дисфункција, ја афектираат бременоста во сите триместри, особено во првиот триместар. Целта на овој труд е да се одреди преваленцата на тироидните нарушувања кај мајката и нивната поврзаност со феталниот исход, како и менаџирањето на пациентките да се промени во насока на постигнување на оптимално серумско ниво на тиреостимулирачки хормон. Во трудот се користени лабораториски тестови за проценка на

тироидна функција кај 69 пациентки и податоци од анкетни ливчиња добиени со метод на анкетирање во однос на родилна телесна тежина на живородени од успешни бремености, број на спонтани загуби на рана бременост, лична и фамилијарна анамнеза за заболување на тироидна жлезда и акушерска историја. Просечната вредност на TSH кај пациентките кај кои настанал спонтан абортус во рана бременост бил 2.55 mU/L so SD на TSH 1.54 mU/L, при што е добиена сигнификантна разлика од вредноста на TSH кај групата испитанички без спонтан абортус (p=0.054)

3. Lazareva, Ljupka and Jovevska, Svetlana and **Baldzieva, Sanja** (2023) *Efficacy of myo-inositol and d-chiro-inositol combination on menstrual cycle regulation and improving insulin resistance in young woman with polycystic ovary syndrome.* Knowledge-Internationa Journal, Vol.61 (4). pp. 773-775. ISSN 2545-4439/1857-923X

Целта на овој труд е да се иследи ефикасноста на третманот со миоинозитол и Д-хиро-инозитол во однос 40:1 во терапијата на синдромот на полицистични оваруми (PCOSy). Авторите иследувале случај на 22-годишна пациентка со исполнети т.н. Rotterdam критериуми за дијагноза на PCOSy и лабораториски наоди во прилог на покачено ниво на серумски инсулин и тестостерон, која била третирана со мио-инозитол и Д- хиро-инозитол во однос 40:1 – 2 грама дневно во тек на три месеци. Резултатите посочуваат ефективност во однос на регулирање на менструалниот циклус кај пациентки со PCOSy, со подобрување во однос на инсулинската резистенција и намалување на хиперандрогенемијата, а заклучоците оваа терапијата ја посочуваат како третман од прв избор кај пациентките со PCOSy.

4. **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana (2023) *Correlation between Thyroid Stimulating Hormone (TSH) levels in maternal blood and risk of spontaneous abortion in the first trimester.* Knowledge - International Journal, 60 (4). pp. 579-586. ISSN 1857-923X/2545-4439

Целта на овој труд е да се одреди врската помеѓу нивото на тиреостимулирачки хормон (TSH) во првиот триместар од бременоста и настанувањето на спонтан абортус. Се одредуваше серумскиот тиреостимулирачки хормон (TSH), слободен и тотален тироксин (fT4 и tT4) и антитироидна пероксидаза антитела (antiTPO Ab) кај 52 бремени жени во првиот триместар од бременоста. Во 38.5% (n=20) од испитуваните случаи настанал спонтан абортус во прв триместар. Со користење на Хи-квадрат тестот cut-off вредност од 2,00 mIU/L за TSH се покажа дека е сигнификантна вредност во однос на бројката на спонтани абортуси (p=0.005). Од иследуваните пациентки со спонтан абортус во прв триместар 65% се со вредност на TSH > 2.0 mIU/L. Од сите иследувани пациентки со позитивни antiTPO-Ab се 22%, а кај 16% од пациентките со спонтан абортус antiTPO- Ab се со вредност над горната референтна вредност. Во нашето испитување се добиле резултати кои сугерираат редефинирање на горната граница на референтни вредности на TSH во прв триместар на бременост во прилог на редукција на истата.

5. Mitevski,Aleksandar and Jovevska,Svetlana and Dukovska,Vesna and Baldzieva, Sanja and Markov, Petar (2023) Primary reconstruction with sliding cutaneous flap in abdominoperineal resection – a case report. Knowledge - International Journal, 60 (4). pp. 595-599. ISSN 1857-923X / 2545-4439

Во овој приказ на случај, авторите детално опишуваат третман на пациент со планоцелуларен карцином на ректум кој примил неоадјувантна зрачна терапија. Кај пациентот е направена абдоминоперинеална ресекција (ампутација) на ректум. Дефектот по цилиндричната ексцизија на ректум и анус е саниран со поставување на ресорптивна – викрилна мрежа и со транспозиција на два лизгачки резни. Познавањето на важни принципи од пластична и реконструктивна хирургија овозможува користење разни реконструктивни опции при перинеална ресекција. Според досегашното искуство, заклучокот е дека не постои идеален пристап за реконструкција на перинеумот, ниту пристап кој ќе одговара еднакво на сите случаи. Заради тоа, потребно е внимателно постоперативно следење на пациентите и врз основа на собраното искуство да се прават подобри избори за секој еден од пациентите.

6. **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana (2022) *Changes in the physiology of the thyroid gland in pregnancy and the need for trimester-specific reference values in thyroid status a review.* Knowledge, 54 (4). pp. 583-588. ISSN 2545-4439

За да може да одговори на зголемените метаболни потреби во бременост и да го одржи адекватното ниво на тироидни хормони во крвта, тироидната жлезда реагира со промени во својата функција, како и анатомија. Поради разлика во физиологијата на тироидната жлезда во и надвор од бременост. Затоа треба посебна интерпретација на тироидниот статус во бременост и воведување на постојани референтни вредности кои ќе се однесуваат само за во бременост. Светските препораки назначуваат референтни вредности за TSH и тироидни хормони соодветно за секој триместарот на бременоста, т.н. триместар-специфични референтни вредности. Во случај на отсуство на триместар-специфични референтни вредности, постојат препораки кои се однесуваат на посебна интерпретација на тироидните функционални тестови и референтни вредности; како и препораки за користење на приспособени вредности според демографските карактеристики кои ќе се однесуваат за сите триместри. Овој преглед на препораки на литературата би помогнал во менаџирањето на пациентките во насока на постигнување на оптимално серумско ниво на тиреостимулирачки хормон и износување на успешна бременост, а со тоа ја наметнува и потребата да се воведат препораки во нашите лаборатории за вредности на тироидни анализи специфични во бременост, кои ќе се разликуваат од оние за негравидна популација.

**Останати научни трудови за целиот период до изборот објавени во меѓународно научно списание:**

7. Baldzieva, Anica and **Baldzieva,Sanja** and Jovevska,Svetlana (2019) *Caesarean section anesthesia selection, spinal or general, and Apgar-score for newborn delivered with Caesarean section in Strumica.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (4). pp. 1263-1268. ISSN 2545-4439

Различните типови на анестезија, можноста пациентката да избира тип на анестезија или одлуката да биде на анестезиологот, се само дел од прашањата кои се наметнуваат во период кога бројот на породувања со царски рез е зголемен. Во испитувањето се користени податоци од документацијата на Службата за анестезиологија и реаниматологија при ЈЗУ Општа болница Струмица за видот на анестезија применет при секој царски рез и Апгар оценка на новороденчињата породени со тие царски резови. Користени се податоци

од 2015 година, кога примената на општа анестезија беше позастапена и 2018 година, кога спиналната анестезија зазема поголем замав. За 2015 година се опфатени 533 пациентки и за 2018 година 496. Подобрување на анестезиолошката практика, новите локални анестетици и информираноста на родилките за побезбедниот тип на анестезија за мајката и бебето се важни во изборот на тип на анестезија во тек на царски рез. Резултатите само потврдуваат дека спиналната анестезија е побезбедна за мајката и има улога во повисоката Апгар оценка во првата минута кај новороденото. Изборот зависи од многу фактои, а исто така постои можност и поради желба на мајката да се изведе операцијата со избраниот тип на анестезија.

8. Jovevska, Svetlana and **Baldzieva, Sanja** (2019) *A study of morphological variations of the human ear.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (4). pp. 1143-1146. ISSN 2545-4439

Надворешното човечко уво се смета за многу променлива структура која покажува различни морфолошки и индивидуалистички карактеристики. Единственоста на увото може да биде корисна во утврдувањето на идентитетот на поединци со директен преглед, при преглед на снимки од видеонадзор или анализа на отпечатоци од уво. Имајќи го предвид форензичкото значење на човечкото уво и отпечатоци од уво кои се среќаваат на местото на злосторството, оваа студија е обид да се проценат различните морфолошки карактеристики на увото. Примерокот за оваа студија се состоеше од 90 мажи и 87 жени на возраст од 19 години. Обликот на трагусот исто така се разликувал во однос на левата и десната страна, како и во однос на полот.

9. Jovevska, Svetlana and **Baldzieva, Sanja** (2019) *Study of the size of the coronoid process of mandibule.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 34 (4) pp. 811-815. ISSN 2545-4439

Целта на нашата студија беше да се набљудуваат варијациите во големината на короноидниот израсток во однос на неговата страна (латералност), обликот, возраста и полот. Материјалот за оваа студија се состоеше од 80 мандибули. Утврдено е дека короноидниот израсток е приближно 1,5 mm подолг на десната страна, отколку на левата страна; 0,01 mm подолг кај мажите во однос на жените и 0,01 mm подолг кај забните отколку кај безабните мандибули. Податоците обезбедени од оваа студија ќе им помогнат на стоматолозите и максило-фацијалните хирурзи во планирањето на импланти и реконструктивни операции.

10. Livrinova, Vesna and Jovanovska, Viktorija and Samardziski, Igor and Daneva Markova, Ana and Simeonova-Krstevska, Slagjana and Petrovski, Ljupco and Janevska, Vesna and **Baldzieva, Sanja** (2018) *The role of the early diagnosis of autosomal recessive polycystic kidney disease in fetuses - case study.* International Medical Journal Medicus, 23 (2) pp.186-189. ISSN 1409-6366

Автозомно рецесивна полицистична болест на бубрезите (ARPKD) е ретко нарушување, кое се јавува кај 1: 20,000 живородени деца, при кое може да настане фетална смрт поради тежок олигохидрамнион или неонатална смрт поради белодробна инсуфициенција. Целта на оваа презентација на случај е да се поентира важноста на ултразвучна дијагностика што е можно порано во бременоста, за правилна одлука на родителите и гинекологот. Се презентира случај на 29-годишна пациентка со четири бремености, првите две завршени со царски рез и двете новородени починати во ран неонатален

период; третата бременост завршена со индуциран абортус поради потврден на амниоцентеза фетус кој е хомозигот за ARPKD. Во четвртата бременост направена хорионбиопсија и утврден фетус кој е хетерозигот за ARPKD и бременоста успешно е завршена со вијабилен плод, единствен од сите четири бремености. Во овој случај се користени како методи: ултразвук, инвазивна дијагностика-амниоцентеза и хорионбиопсија, хистопатолошка анализа и PCR амплификација и секвенционирање на PKHD1 ген во крв од родители, плодова вода и хорионски ресички.

**Трудови презентирани на научни и стручни собири, издадени во зборници на трудови/книги на апстракти во земјава и во странство**

12. Daneva Markova, Ana and **Baldzieva, Sanja** and Nikolovska, Katerina and Koteva Mirakovska, Maja and Nikolovska, Elena and Sivakov, Borce and Atanasovski, Zlatko (2019) *Advances in prenatal diagnosis and decision to terminate pregnancy at University Clinic of Gynecology and Obestetrics.* In: World congres of Perinatal medicine, World association of perinatal medicine, 11-14 Sept 2019, Istanbul.

Целта на овој труд е да се систематизираат прекините на бременост поради фетални аномалии според гестациските недели и методите за дијагностицирање на истите, како и потребата од амниоцентеза за потврдување.

13. Zlateska, Aleksandra and Zlateska, Sofija and **Baldzieva, Sanja** and Damjanovikj, Dejan and Baldzieva, Anica and Markov, Petar (2019) *To show the outcome of a pregnancy in a patient with Rh-incompatibility in pregnancy.* In: 18-th World Congress in Fetal Medicine, The Fetal Medicine Foundation, 25-29 June, Alicante, Spain.

Целта на овој труд е преку приказ на случај на бременост кај пациентката со Рх инкомпатибилија потребата од двојна Рх профилакса и ултразвучно интензивно следење на бременоста.

14. Zlateska, Sofija and Zlateska, Aleksandra and **Baldzieva, Sanja** and Damjanovikj, Dejan and Baldzieva, Anica and Markov, Petar (2019) *To show the outcome of the delivery of patients after previous performed Caesarean Section.* In: 18-th World Congress in Fetal Medicine, The Fetal Medicine Foundation, 25-29 June 2019, Alicante, Spain.

Целта на овој труд е приказ на инциденцата и исходот од бремености кои следеле по бременост која завршила со породување со царски рез.

15. **Baldzieva, Sanja** and Zlateska, Aleksandra and Zlateska, Sofija and Baldzieva, Anica and Markov, Petar and Damjanovikj, Dejan (2019) *A case of labor and delivery with deep vein trombosis.* In: 18-th World Congress in Fetal medicine, The Fetal Medicine Foundation, 25-29 June 2019, Alicante, Spain.

Целта на овој труд е преку приказ на случај да се претстави процесот на хиперкоагулабилност во бременост, водење и начин на завршување на бременост со длабока венска тромбоза.

16. Jovevska, Svetlana and Zisovska, Elizabeta and **Baldzieva, Sanja** and Andova, Emilija and Sazdova, Radojka (2018) *Anatomical variations of mental foramen in adult human mandibles.* In: 55. Kongres Antropološkog Društva Srbije, 23-26 May 2018, Zlatibor, Serbia.

Целта на овој труд е да се утврдат морфолошките карактеристики на менталниот отвор на мандибулата кај популацијата, како би се обезбедиле упатства за форензичарите и стоматолозите.

17. **Baldzieva, Sanja** and Trajkovska, Radojka and Dodevski, Emilija and Jovevska, Svetlana (2018) *Dlaboka venska tromboza vo bremenost, prikaz na slucaj.* In: Prv kongres na studenti po Opsta medicina, 9-10 May 2018, Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev Stip.

Бременоста е состојба со пет пати поголем ризик од ДВТ од жените кои не се бремени, па така соодветната антикоагуланта терапија во бременост која ќе биде правилно дозирана ќе обезбеди како фетална, така и мајчина благосостојба.

18. Trajkovska, Radojka and Nikolov, Sasko and **Baldzieva, Sanja** and Jovevska, Svetlana and Baldzieva, Anica (2018) *Pushenjeto cigari-rizik faktor za Koronarna Arteriska Bolest, pred i posle koronarno stentiranje.* In: Regionalna strucno-naucna konferencija: Socijalni determinanti i zdravjeto na naselenieto, Oct 2018, Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev Stip.

Целта на овој труд е преку приказ на случај на коронарно стентирање кај пациент со коронарна артериска болест, да се изолира и истакне пушењето како голем ризик фактор за состојбата.

19. Trajanova, Milka and Antovska, Vesna and **Baldzieva, Sanja** and Zlateska, Aleksandra and Filipovska, Marijana (2018) *Severe OHSSY with ascites in IVF treatment: case report.* In: XIX National Congress of infertility and reproductive health with international participation, 15-18 March 2018, Borovets, Bulgaria.

Приказ на случај со тежок облик на оваријален хиперстимулационен синдром по процедура на ИВФ, со задржување, износување и породување на бременоста со живородено.

20. **Baldzieva, Sanja** and Trajkovska, Radojka and Jovevska, Svetlana and Baldzieva, Anica (2018) *Socio-ekonomskite faktori i dijabetot vo bremenost.* In: Regionalna strucno-naucna konferencija:Socijalni determinanti i zdravjeto na naselenieto, Oct 2018, Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev Stip.

Целта е да се прикаже влијанието на социјалните, економските, нутритивните и здравствените навики врз ризикот и инциденцата од дијабет во бременост.

**Рецензирани трудови и практикум и скрипта на д-р Сања Маркова за избор во асистент-докторанд**

Трудовите се евалуирани во реферат објавен во Универзитетски билтен бр.192, јуни 2017 година.

21. Baldzieva, Anica and **Baldzieva, Sanja** and Panova, Gordana (2015) *Uloga anesteziologa u transportu, kritično bolesnih pacijenata u opštu bolnicu Strumica.* In: 3 Kongres Anesteticara u Bosni i Hercegovini sa megunarodnim ucescem, 15-17 May 2015, Vlasic, BIH.

22. **Baldzieva, Sanja** and Panova, Gordana and Baldzieva, Anica (2015) *Аспирин-индуцирана астма – специфична форма на астма.* In: 8th International Congress, Croatian Nurses Society of anesthesia, reanimation, intensive care and transfusion, 23-26 Apr 2015, Sibenik, Croatia.

23. **Baldzieva, Sanja** and Baldzieva, Anica and Panova, Gordana and Nikolovska, Lence and Jovevska, Svetlana and Sumanov, Gorgi and Gazepov, Strahil and Stojanoski, Hristo and Panov, Nenad (2014) *The role of methadone in the terminals of patients with pain.* In: 5.Kongres strucnog drustva za suzbijanje boli, 3-7 0ct 2014, Varazdin, Hrvatska.

24. Симоновска, Љиљана и **Балџиева, Сања** (2015) Практикум по пулмологија и фтизиологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-212-9

25. Симоновска, Љиљана и **Балџиева, Сања** (2015) Одбрани поглавја од фтизиологија и пулмологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-196-2.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката активно во тек на својата едукација и потоа како специјалист гинеколог-акушер посетувала курсеви, конгреси и конференции во странство, за кои има доставено валидни сертификати:

- XXXVIII International Scientific Conference, The Power of Knowledge – со постер презентација на научен труд во Переа, Грција, 6-9.10.2022 г. (труд број 6);
- 14th Training course on ultrasound in obstetric and gynecology with international participation, Bulgarian association of ultrasound in obstertric and gynecology, 08-10.11.2019, Pravets, Bulgaria;
- XXII International Scientific conference, The Power of Knowledge – со усна презентација на научен труд во Кавала, Грција, 13.10.2019 г. (труд број 9);
- 18th World Congress in Fetal Medicine, The Fetal Medicine Foundation, 25-29.06.2019, Alicante, Spain со постер презентации како автор на еден, и коавтор на два научни труда (труд број 13, 14, 15);
- XIX National Congress of infertility and reproductive health with international participation, 15-18.3.2018, Borovets, Bulgaria, со усна презентација на научен труд на кој е прв автор (труд број 19);
- 13th World Congress of Perinatal Medicine, accredited for 10 European CME credits, 26-29.10.2017, Belgrade, Serbia.

Д-р Сања Маркова активно учествувала на повеќе конгреси, стручно-научни конференции во земјава за што има доставено соодветни сертификати:

- Петти конгрес на Македонската асоцијација на гинеколози и акушери, 11-14.5.2023 г., Охрид;
- Македонска асоцијација за фетална медицина: Скрининг во прв триместар, 11-12.11.2022 г., Скопје;
- GYNOCARE Conference, European network for Gynaecological Rare Cancer research:from concept to cure, held in Skopje, 18-20.9.2022 г.;
- Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Регионална стручно-научна конференција: Социјални детерминанти и здравјето на населението, 27.10.2018 г., Штип (труд број 18 и 20);
- 4. Конгрес со меѓународно учество на гинеколози и акушери на Македонија, 12-14.5.2017 г., Охрид.

Кандидатката во тек на својата едукација во третиот циклус на студии, како и при специјализација посетувала работилници од повеќе области во земјава:

- Работилница на тема „Етички дилеми при трансплантација на органи и прекинување на бременост (фетоцид)“, доц. д-р Чадиковски, СОМА, 11.3.2021;
- Работилница на тема „Неинвазивен пренатален скрининг во прв триместар“, Здружение на гинеколози и опстетичари на Македонија, 9-11.5.2019 г., Скопје;

- Работилница на тема „Методологија на систематски прегледен труд и мета анализа во медицинските и сродните науки“, проф. д-р Л. Милошева, УГД-Штип, 14.9.2020 г.;
- Работилница на тема „Близначна бременост-менаџмент, ризици и предизвици“, Здружение на гинеколози и опстетичари на Македонија, 24-26.10.2019 г., Скопје;
- Работилница на тема „Неинвазивен пренатален скрининг во прв триместар“, Здружение на гинеколози и опстетичари на Македонија, 9-11.5.2019 г., Скопје.

Кандидатката д-р Сања Маркова, покрај со физичко присуство на бројни курсеви и конференции, се вклучила и комплетирала повеќе онлајн курсеви и конгреси за кои доставила соодветна документација и сертификати.

Учество на Интернационални вебинари акредитирани од European Accreditation Council for Continuing Medical Education (EACCME) со European CME Credits (ECMECs), вкупно освоено 25 CME Credits во последните пет години:

- 32nd World Congress on Ultrasound in Obstetric and Gynecology, accredited by the EACCME with 18 European CME credits, London, UK, 16-18.09.2022.
- International school of Gynecological and reproductive endocrinology (ISGRE) online course: Menstrual cycle disorders from etiopathogenesis to diagnostic and treatment, 13 lessons, accredited by the EACCME for 1 European CME credits for The Menstrual Cycle and accredited by the EACCME for 1 European CME credits for Adolescent Menorrhagia.
- ISUOG education course: Hypertension in pregnancy: management, accredited by EACCME with 5 European CME credits, London, UK, 29.01.2022.

Интернационални вебинари и онлајн тренинг курсеви:

- Preis School, International Webcourse: Optical Positioning Ultrasound Simulation (O.P.U.S) based training, 3.10.2022.
- The 13th Philadelphia Prenatal Diagnosis Conference, The Philadelphia MFM and Prenatal Diagnosis Institute, On 10-11-12.06.2021.
- Preis School virtual course: Aneuploidies and 22Q11.2 microdeletions prenatal screening: from analytical validation to clinical verification, 8.06.2021.
- Thermo Fisher Scientific: Interactive webinar World Pre-eclampsia day 2021, 22.05.2021.
- European Association of Perinatal medicine, EAPM Webinar: Diabetes and Obesity, duration 1,5 h, 13.04.2021.
- Theoretical course of the Fetal Medicine Foundation on Placenta Accreta Spectrum, 18.11.2020.
- Webinar course in Fetal medicine, from The Fetal Medicine Foundation, professor Kypros Nicolaides, присуство на 16 курсеви со вкупно траење од 26 часа во период од 10.5.2020 до 4.7.2021 г.

Член е на Лекарска комора на Р. Северна Македонија, организацијата IPPNW (International Physicians for the Prevention of Nuclear War – Bridges of understanding), ISUOG (International Society of Ultrasound in Obstetrics and Gynecology), МАПМ (Македонска асоцијација за перинатална медицина), Македонското здружение на анатоми при Македонското лекарско друштво.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Сања Балџиева, доктор на медицински науки, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

По разгледување на документацијата и остварените резултати во научната, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Сања Маркова ги исполнува сите услови за избор во насловен доцент. Со целокупната своја досегашна работа д-р Сања Маркова има голем придонес во изведувањето на наставата по предметите од областа анатомија и евидентна е нејзината способност да пристапува кон самостојни истражувања, да анализира и сублимира резултати, како и подготвеност да прифати работни задачи, предизвици и обврски.

Врз основа на приложениот материјал, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да ја избере д-р Сања Маркова во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Светлана Јовевска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Ники Матвеева, редовен професор, член, с.р.
Д-р Ценгис Јашар, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 3. | Избор во звање асистент-докторанд | 20 | | | | **20** |
| | **ВКУПНО** | **20** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3)<br>Труд под реден број 1, 2, 4, 6 - прв автор<br>Труд под реден број 3, 5 – останати автори<br>Труд под реден број 7, 8, 9 - втор автор<br>Труд под реден број 10 - останати автори | 4<br>2<br>3<br>1 | 9<br>3<br>6<br>3 | | | **36**<br>**6**<br>*18*<br>*3* |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд под реден број 18, 20 | 2 | 2 | | | 4 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава (1/1.5) и во странство (1.5/2)<br>Труд под реден број 12, 13, 14, 15, 16, 17 постер<br>Труд под реден број 19 усно | 1 | 1 | 5<br>1 | 1.5<br>2 | 8.5<br>2 |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| **11.** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 1 | 6 | | | **6** |
| **20** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | **1** |
| **23** | Студиски престој во странство (еднократно) | 8 | | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **100.5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **13** | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | **5** |
| **19** | Стручни награди и признанија | 1 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **9** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **129.5** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-48/6 од 10.3.2025 година донесена на 135. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 10.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање редовен професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- проф. д-р Ангеле Михајловски, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- проф. м-р Златка Митева, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ од 15.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави д-р Невенка Дуковска, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Невенка Дуковска е родена на 26 април 1984 година. Средно музичко училиште – Оддел класично пијано завршува во Музичкото училиште „Сергеј Михајлов“. Дипломира пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија, во 2006 година, со просек 9,27 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р. Македонија). Во 2008 година магистрира на отсекот Пијано, исто така на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија, со просек 9,00 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р Македонија).

Во 2013 година на истата Музичка академија се стекнува со научен назив доктор на науки, каде што докторира во областа на корепетицијата, на тема „*Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми*“.

По дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“ како наставник по пијано, камерна музика и корепетиција.

Во декември 2008 година се вработува на Факултетот за музичка уметност во Штип како уметнички соработник (корепетитор) по пијано на Вокално-инструменталниот оддел, во класите на гудачките и дувачките инструменти. Како корепетитор е професионално ангажирана на натпревари во земјава и во странство. Во својата педагошка дејност има голем придонес во заокружувањето на образовниот циклус на студентите од Вокално-инструментален оддел, кои ги придружува во текот на нивното образование, дипломирање, втор циклус студии, како и нивно претставување на јавни настани, концерти и меѓународни натпревари. Од 2016 година работи како доцент на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а од август 2020 година е избрана за вонреден професор на истата.

Д-р Невенка Дуковска настапува со повеќе еминентни музички изведувачи, а разновидноста на камерните состави со кои настапува и досегашната корепетиторска дејност го збогатуваат нејзиниот репертоар со кој често настапува на сцените низ Македонија и надвор од неа. Често ја афирмира македонската современа музика преку музицирање, но и пишува многу за неа. Има издадено неколку скрипти, зборници и учебни помагала за транспонирање и прима виста, а во 2021 година ја објави и својата прва книга „*Современата нотација во литературата за пијано*“, учебник објавен од УГД - Штип.

Освен како дел од многу меѓународни натпревари, д-р Невенка Дуковска работи и како уметнички директор, претседател на Организациски одбор, но и како член на меѓународни жири-комисии во Македонија и во странство.

Покрај многубројните солистички концерти има настапувано и со најразлични камерни состави и ансамбли низ Македонија, Италија, Србија, Косово, Бугарија, Грција, Шпанија, Шведска, САД, Австрија и како дел од трио „Грациозо“ има настапувано на турнеја низ Словенија, два пати во Австрија и три години по ред има настапувано на турнеи низ Мароко, Африка, во градовите: Рабат, Казабланка, Лараче, М`дик, Ксар ел Кибир и Келаа ел Срагна.

Во периодот од 2022 до 2024 г. реализира неколку меѓународни концерти кои се проекти поддржани од Министерството за култура, како: Концерт одржан во септември 2023 година во Малме, Шведска, и во април 2022 г. во Њујорк, САД, на овие проекти д-р Невенка Дуковска настапи во дует - флејта и пијано, а во јуни 2022 година останатите проекти ги реализира во состав дует - сопран и пијано, со кое одржаа два концерта во Шпанија (Мадрид и Сеговија). Крајот на 2022 г. ја заокружи со циклус концерти со дует пијано, дует „Танго“ кои се одржаа низ Македонија, кои исто така беа проекти поддржани од Министерство за култура.

Добитник е на повеќе први награди како пијанист, но и други награди како: награда од меѓународниот Арт фестивал „Езерски бисери“ – Струга за најдобар корепетитор на натпреварот. Добитник е и на две признанија „8 Ноември“ од Општина Штип и Општина Неготино, награда и признание од градоначалникот на градот M`diq, Мароко, за придонес во културата. Во 2022 година добива награда и благодарница за придонес во културата и уметноста од Здружението АДД „Родина“ во Сеговија, Шпанија, а во 2023 година се здобива со диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти, од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ - Штип.

Во моментов д-р Невенка Дуковска е вонреден професор на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што е активен член на ННУС, член и претседател на комисии за завршни испити на прв и втор циклус студии, член на различни комисии за избори, универзитетска самоевалуација и сл., а од 2019 година е и активен член на Сенатот на Универзитетот.

**ОПШТИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Кандидатката проф. д-р Невенка Дуковска ги има доставено сите потребни документи, во оригинал и копии заверени на нотар:

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование, докторска дисертација;
- Уверенија за положени испити;
- Соодветни нострификации за прв, втор и трет циклус студии, како и еквиваленции на дипломите;
- Кратка биографија;
- Список на објавени научни стручни трудови;
- Примероци од објавените трудови и концерти;
- Учебник во печатена форма, кој исто така е објавен во електронската библиотека на УГД;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Уверение за државјанство.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор**

**1. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите, за прв и втор циклус, за секој циклус посебно**

Кандидатката има остварено просечен успех од 9,27 на додипломски студии и просечен успех од 9,00 на постдипломски студии, со што го исполнува критериумот пропишан во Конкурсот за просечен успех над осум на студиите на прв и втор циклус посебно.

- Диплома за завршени магистерски студии по пијано на НМА „Панчо Владигеров“ - Софија, Р Бугарија, каде што магистрира во 2008 година и се стекнува со право на стручен назив магистер по пијано, според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р Македонија, го заокружува образовниот циклус со просек 9,00.
- Диплома за завршени додипломски студии, со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран пијанист на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р Бугарија, во 2006 година, според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р Македонија, го заокружува образовниот циклус со просек 9,27.

Кандидатката, исто така, има приложено Решение за нострифицирани дипломи, дополнети со еквиваленција на оценките издадени од МОН на РМ.

**2. Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира**

Кандидатката е доктор на науки од соодветната научна област во која се избира.

Докторира пијано-корепетиција на Националната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Р Бугарија, во октомври 2013 година, врз основа на одбранета докторска дисертација под наслов „*Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми*".

**3. Објавени најмалку шест научни, уметнички и стручни дела, во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор**

**Евалуација на трудовите објавени во последните пет години, како и опис на останатите релевантни активности:**

Од објавени научни, уметнички и стручни дела кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во земјава и надвор од неа, кандидатката д-р Невенка Дуковска има објавено повеќе трудови од областа на интерпретацијата на камерната музика и корепетицијата во домашни и во странски списанија со ИФ, има издадено рецензиран универзитетски учебник, објавен во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, а од признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава има 30-тина концерти, од кои подолу во приложената табела се издвоени следните осум целовечерни концерти во земјава и во странство, изведени во последните пет години:

**Целосна листа на концерти одржани на домашната сцена, меѓународни концерти и учебни помагала во последните пет години:**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Година на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Невенка Дуковска, Ване Аревски | Целовечерен концерт | Kammarkonsert med musik för flöjt och piano, Malmö, Sweden Камерен концерт - флејта и пијано, Малме, Шведска. https://eprints.ugd.edu.mk/32197/ | 2023 |
| 2. | Невенка Дуковска, Кристина Палија | Целовечерен концерт | Концерт на „Дуо Грациозо" во Мадрид, Шпанија. https://eprints.ugd.edu.mk/30051/ | 2022 |
| 3. | Невенка Дуковска, Кристина Палија | Целовечерен концерт | Концерт на „Дуо Грациозо" во Сеговија, Шпанија. https://eprints.ugd.edu.mk/30050/ | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Невенка Дуковска, Ване Аревски | Целовечерен концерт | Концерт флејта и пијано во Њујорк, м-р Ване Аревски и д-р Невенка Дуковска. https://eprints.ugd.edu.mk/29752/ | 2022 |
| 5. | Невенка Дуковска, Кристина Палија | Целовечерен концерт | „Мај месец музике" - Врање , Србија/ Концерт - вечер на соло песни. https://eprints.ugd.edu.mk/28273/ | 2021 |
| 6. | Невенка Дуковска, Кристина Палија, Памела Велкова | Целовечерен концерт | Настап на 9 от Интернационален фестивал „Entrerritmos" 2020 Лараче, Мароко. https://eprints.ugd.edu.mk/26861/ | 2020 |
| 7. | Невенка Дуковска, Ване Аревски | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт на дует - флејта и пијано. https://eprints.ugd.edu.mk/34687/ | 2024 |
| 8. | Невенка Дуковска, Ангеле Михајловски | Целовечерен концерт | Концерт на пијано дует „Танго" во Кавадарци. https://eprints.ugd.edu.mk/30517/ | 2022 |

Кандидатката вонр. проф. д-р Невенка Дуковска има приложено концертни програми и плакати за изведба на 31 концерт, а тоа се следните настапи за последните пет години: 20 целовечерни концерти, од кои 14 се одржани во земјава, 6 се одржани во странство и приложени се 11 концертни настапи со студентите. Концертите се реализирани во периодот од октомври 2020 до декември 2024 година и дел од нив се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД, а настапите со студентите се наведени во поглавјето наставно-образовна дејност.

**4. Претходно избран/а во звање вонреден професор од научната област во која се избира**

Кандидатката проф. д-р Невенка Дуковска е избрана за наставник во звањето вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната и уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев", со Одлука бр.1402-63/4, на 19.8.2020 година во Штип (Универзитетски билтен бр.258 /258-1.pdf).

**5. Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира**

Кандидатката има издаден универзитетски учебник. Проф. д-р Невенка Дуковска има издадено универзитетски учебник, со наслов „Современа нотација во литературата за пијано". Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2021, Штип. ISBN 978-608-244-856-5, објавен во Универзитетската електронска библиотека https://e-lib.ugd.edu.mk/1030, како и на Универзитетскиот електронски репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/28967/.

Оваа книга - учебник „*Современа нотација во литературата за пијано*" од автор: вонреден проф. д-р Невенка Дуковска е наменет за студентите на Музичката академија како учебно помагало на Вокално-инструменталниот оддел – пијано, за студентите по пијано, корепетиција и камерна музика.

Предмет на истражување во оваа книга се иновативните истражувања кај современите композитори и совладување на новите ознаки во музичкото нотно писмо, со цел музичко описменување и надградување на младите пијанисти за полесно да ги разбираат и следат дел од современите композиторски трендови. Иако книгата е наменета за областа пијано, истата наоѓа примена и во теоријата, како и другите инструменти, бидејќи нотното писмо сепак е универзално, тоа е азбуката на музиката.

Овој ракопис богат со многу примери од современото творештво, претставува еден вид практично помагало за студентите, учениците, па и колегите.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Години на излегување | е-библиотека на УГД |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Невенка Дуковска | „Современа нотација во литературата за пијано“ **ISBN**: 978-608-244-856-5 | 2021 | https://e-lib.ugd.edu.mk/1030 |

**6. Покажала способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност**

Кандидатката д-р Невенка Дуковска активно учествува во образовниот процес на студентите со успешно изведување на настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Корепетиција и читање прима виста. Учествува во наставата и испитите на додипломските и магистерските студии од класите по виолина, виола, виолончело, гитара, хорна и соло пеење. Настапува на сите концерти организирани од страна на Вокално-инструменталниот оддел, на дипломски и магистерски испити, концерти и натпревари, а учествува и во процесот на оценување на студентите и евалуација на постигнатите резултати. Таа била член и претседател на Комисија за јавна одбрана на повеќе дипломски и магистерски трудови во изминатиов период, а во моментов работи на пијано придружба на уште три дипломски и еден магистерски труд на МА, при УГД, предвидени за претстојниот период.

Има меѓународни и државни награди и признанија, како: награда од меѓународниот Арт фестивал „Езерски бисери“ – Струга за најдобар корепетитор на натпреварот. Добитник е на две признанија „8 Ноември“ од Општина Штип и Општина Неготино. Награда и признание од градоначалникот на градот М'дик, Мароко за придонес во културата. Добитник е на диплома за педагошки достигнувања од Меѓународниот натпревар во Своге, Р Бугарија. Во периодот во 2022 година, добива награда - Благодарница од Здружението АДД „Родина“ во Сеговија, Шпанија, за придонес во културата и уметноста, а во 2023 година добива диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти, од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ - Штип.

**7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот**

Д-р Невенка Дуковска има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

**8. Сертификат за познавање на странски јазик**

Кандидатката има приложено сертификати за познавање на англиски јазик (В1) и турски јазик (А1 и А2).

**9. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)= 40, (НИ)= 45, (САОР)= 15 или вкупно 100 поени**

Проф. д-р Невенка Дуковска има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на кандидатот: (НО) = 40 , (НИ) = 98, (САОР) = 25 или вкупно 163 поени.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР СОГЛАСНО СО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Вонр. проф. д-р Невенка Дуковска покажала способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност, успешно изведува настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Корепетиција и читање прима виста. Од 19.8.2020 година проф. д-р Невенка Дуковска е избрана за наставник во звањето вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната и уметничка област техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Претходно е избрана како доцент во 2016 година на Музичката академија. Од 2008 до 2016 година работи како корепетитор на Музичката академија.

На универзитетскиот репозиториум може да се најдат објавени универзитетски помагала, издадени од кандидатката проф. д-р Невенка Дуковска:

Рецензиран универзитетски учебник со наслов „*Современа нотација во литературата за пијано*“. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2021, Штип. ISBN 978-608-244-856-5, објавен во Универзитетската електронска библиотека https://eprints.ugd.edu.mk/28967/.

Има позитивно рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој е избрана од соодветната научна област, објавена на електронската библиотека на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/648.

Скрипта со наслов „*Развивање на пијанистичка техника, слушни вештини и правилна интерпретација на избрани дела за пијано од македонски композитори*“ (2017) ISBN 978- 608-244-422-2.

Интерна скрипта од вежби I, во електронска верзија за наставата по пијано и корепетиција, со наслов „*Читање прима виста*“ (2017) ISBN 978-608-244-428-4, објавена на електронската библиотека на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/647.

Интерна скрипта од вежби II во електронска верзија за наставата по пијано и корепетиција „*Транспонирање*" (2017) ISBN 978-608-244-429-1, објавена на електронската библиотека на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/649.

Исто така, има научен труд објавен во зборник од трудови „*Интегрирањето на современи музички дела во едукативниот и методолошки процес за развој на техниката на пијанистот*".
Годишен зборник - Музичка академија УГД, IV (4). pp. 107-116. ISSN 1857-7296.

Од изборот во 2016 година, во вонреден професор, д-р Дуковска го предава предметот Корепетиција со читање прима виста и корепетира студенти на Вокално-инструменталниот оддел на МА при УГД, во следниве класи: дувачки, гудачки и соло-пеење.

**Има придонес во оспособувањето на помладите наставници и соработници**

Во својата педагошка дејност, д-р Невенка Дуковска има голем придонес во заокружувањето на образовниот циклус на студентите од Вокално-инструментален оддел, кои ги придружува во текот на нивното образование, дипломирање, втор циклус студии, како и нивно претставување на јавни настапи, концерти и меѓународни натпревари во и надвор од земјава.

Заедно со студенти од прв, втор циклус студии, како и со колеги, кандидатката настапува на концерти, натпревари, симпозиуми, јавни часови, музичко-образовни ТВ и радиопрограми и сл. Во периодот од октомври 2020 година до декември 2024 година активностите на кандидатката д-р Невенка Дуковска бројат значајни успеси и признанија. Одржани се многу концерти и настапи организирани од Музичката академија. Исто така, како уметнички соработник на класите виолина, виола, виолончело, гитара, хорна и соло пеење, настапува на 15 целовечерни концерти и останати настапи (дипломски концерти, магистерски концерти, годишни и новогодишни концерти, аудиции и фестивали).

**Концерти со студенти при УГД, одбрани на дипломски и магистерски испити како и целовечерни концерти:**

1. 19.12.2024 г. - Концерт Вокално-инструментален оддел на МА - УГД.

Концерт на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип во рамките на циклус концерти „Виртуозо". Уметничка соработка на пијано на проф. д-р Невенка Дуковска со седум студенти од класите по виолина и еден студент од класата соло пеење, одржан во концертната сала на Музичката академија во Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/35373/

2. 2.10.2024 г. - Дипломски концерт со студент по соло пеење.

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со студентката Илина Врешкова, од класата по соло пеење, на МА при УГД. https://eprints.ugd.edu.mk/34686/

3. 2.07.2024 г. – Дипломски испит со студент по хорна

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со студент по хорна, Снежана Саракинова.

4. 3.6.2024 г. - Годишен концерт на студентите од музичката академија.

Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип на „Фестивалот за современа музика 2024". Уметничка соработка на пијано проф. д-р Невенка Дуковска, во пијано придружба на пет студенти од класата по виолина, УГ Безистен во Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/35372/

**5.** 19.12.2023 г. - Концерт на Вокално-инструменталниот оддел на МА при УГД – Штип, циклус концерти „Виртуозо" 2023.

Настап на д-р Невенка Дуковска на концерт на класична музика, на Вокално-инструментален оддел, со студенти по виолина од прва година на Музичката академија при УГД - Штип. Концерт одржан во сала на МА, од циклусот концерти „Виртуозо" 2023, организирани од Академијата и Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/33060/

**6.** 19.9.2023 г. - Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит по гитара.

Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со Горан Тонев, студент по гитара, со концертна програма: Mario Castalnuevo Tedesco - Concerto in D, I, II, III став. Сала на Музичка академија при УГД - Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/33063/

**7.** 26.6.2023 г. - Настап на проф. д-р Невенка Дуковска на дипломски испит по флејта.

Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со Моника Стојкоска од класата по флејта, со концертна програма: B.Romberg, P.Gaubert, CH.M. Widor и С. Стојков. Сала на МА при УГД - Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/33061/

**8.** 6.6.2023 г. - Фестивал на современа музика.

Настап на д-р Невенка Дуковска со студент по виолина од втор циклус студии на Фестивалот „Виртуозо", фестивал на класична музика, на Вокално-инструменталниот оддел при МА на УГД - Штип, Уметничка галерија „Безистен" на 6.6.2023 г. https://eprints.ugd.edu.mk/33058/

**9.** 30.5.2023 г. - Концерт на класична музика.

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска заедно со студент по виолина од втор циклус студии на концерт на класична музика, на Вокално-инструменталниот оддел, на Музичката академија при УГД - Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/33057/

**10.** 15.5.2023 г. - Диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти, од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов" – Штип.

**11.** 27.4.2023 г. - Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со гитара.

Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со студентот Саша Спасовски од класата по гитара. Концертна програма: Luigi Boccherini - Concerto in E - dur, I, II, III став. Одржан на МА при УГД – Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/33065/

**12.** 23.12.2022 - Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит по гитара.

Настап на д-р Невенка Дуковска на дипломски испит со студент Тошо Јуца – гитара. Концертна програма: Luigi Boccherini - Concerto in E - dur, I, II, III став. Сала на МА при УГД - Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/33064/

Согласно со правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, кандидатката исполнува 40 поени од наставно-образовна дејност.

**ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНИК – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР СОГЛАСНО СО ТАБЕЛАТА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ЗА ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

Од доставената документација, во периодот по изборот на д-р Невенка Дуковска во претходното звање како вонреден професор на 19 август 2020 година до денес има приложено во документацијата меѓународни концерти, целовечерни концерти и настапи во државата и во странство, како и настапи со студенти за овој период од пет години. Тоа се настапи во признати концертни сали и истите се архивирани во Репозиториумот на УГД - Штип. За изминатиот период од пет години, кандидатката има 31 настап: 20 целовечерни концерти, од кои 14 во земјава, 6 во странство и 11 концертни настапи со студентите.

Во продолжение е претставена листа на сите целовечерни концерти во земјава и во странство, во последните пет години.

**Целовечерен солистички – камерен концерт**

Во земјава:

1. 30.5.2024 г. - Целовечерен концерт на дует - флејта и пијано.

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска – пијано и м-р Ване Аревски - флејта на концерт во Дом на култура - Штип, на 30.5.2024 год. Промовирано македонското музичко богатство, изразено преку неверојатните творби на македонските композитори. Изведени дела на концертот од авторите: К. Тодоровски, В. Атанасов, Т. Прокопиев, С. Иванов, И. Еминовиќ и др. https://eprints.ugd.edu.mk/34687/

2. 6.9.2023 г. - Концерт флејта и пијано.

На 6 септември 2023 година настап на д-р Невенка Дуковска на пијано и м-р Ване Аревски на флејта, Концерт на флејта и пијано на големата сцена на НУЦК „Ацо Шопов“ – Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/32196/

3. 3.11.2022 - Концерт на пијано дует „Танго“ во Кавадарци.

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска и проф. д-р Ангеле Михајловски на концерт на пијано дует „Танго“, одржан на 3.11.2022 г. во Дом на култура во Кавадарци, проект на Министерство за култура. Изведени дела во програмата од композиторите: Т.Леон - Лаура, В.Азарашвили, Сентиментално танго, Шон Чоо- Fiestravaganza, аранжман на Тал Зилбер на тема од Брамс „Brahms in salsa“ и Гершвин - Рапсодија во сино за 4 раце. https://eprints.ugd.edu.mk/30517/

4. 31.10.2022 - Концерт на пијано дует „Танго“ - Демир Капија.

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска и проф. д-р Ангеле Михајловски на концерт на пијано дует „Танго“, одржан на 31.10.2022 г. во Демир Капија, проект на Министерство за култура. Изведени дела во програмата од

композиторите: Т.Леон - Лаура, В.Азарашвили, Сентиментално танго, Шон Чоо- Fiestravaganza, аранжман на Тал Зилбер, на тема од Брамс „Brahms in salsa“ и Гершвин - Рапсодија во сино за 4 раце. https://eprints.ugd.edu.mk/30508/

5. 7.3.2022 - Концерт на „Дуо Грациозо“, Невенка Дуковска (пијано), Кристина Палија (сопран) и специјален гостин Слободанка Танева (мецосопран).

Настап на д-р Невенка Дуковска - пијано, Кристина Палија – сопран и Слободанска Танева - мецосопран на концерт по повод 8 Март во Дом на културата „Иван Мазов - Климе“ - Кавадарци. Програма: арии од Пучини, Бизе, Рахмањинов, Корсаков, Бородин, Пуланк, Верди, Белини и други. https://eprints.ugd.edu.mk/29654/

6. 30.6.2021 - Концерт на современа музика „Дуо Грациозо“, м-р Кристина Палија – сопран, д-р Невенка Дуковска - пијано и гостин на концертот Памела Велкова - виолина.

Настап на д-р Невенка Дуковска на концерт одржан на 30.6.2021 г., проект од Министерство за култура. https://eprints.ugd.edu.mk/28272/

7. 4.12.2021 - Настап на „Дуо Грациозо“ на денот на ИПА, МВР.

Настап на свечена манифестација на проф. д-р Невенка Дуковска како дел од „Дуо Грациозо“, по повод ден на ИПА Македонија - меѓународно полициско Здружение на вработените во МВР на РМ и пензионираните припадници од МВР во Демир Капија, https://eprints.ugd.edu.mk/28966/

8. 26.11.2021 г. - Настап на „Дуо Грациозо“ на 67. Меѓународна копаничарска изложба - Кавадарци.

Во просториите на Локален музеј - Галерија Кавадарци, настап на „Дуо Грациозо“, м-р Кристина Палија – сопран и д-р Невенка Дуковска – пијано, по повод отворањето на 67. Меѓународна изложба на Копаничари. За овој настап дуетот се стекнува со благодарница од страна на организаторите. https://eprints.ugd.edu.mk/28965/

9. 1.4.2021 - „Печат на времето“ (1951-2021) 70 години Државен архив на РС Македонија - Настап на отворање на свеченост.

Настап на д-р Невенка Дуковска - пијано и м-р Кристина Палија - сопран, по повод 70 години постоење на Историски архив на РС Македонија. https://eprints.ugd.edu.mk/28274/

10. 22.6.2023 г. – Концерт виолина и пијано

Рецитал на дела од Телеман, Бетовен - Соната бр.4 и Виејавски - Легенда, изведени во салата на Музичката академија при УГД, во пијано придружба на проф. д-р Невенка Дуковска. https://eprints.ugd.edu.mk/33055/

11. 13.2.2023 г. – Целовечерен концерт на виолина и пијано

Антонио Вивалди - „Четирите годишни времиња“ изведени во салата на Музичката академија при УГД, Елена Ѓорѓиевска и д-р Невенка Дуковска. https://eprints.ugd.edu.mk/33050/

12. 11.2.2023 г. - Концерт на д-р Невенка Дуковска со м-р Елена Ѓорѓиевска.

Настап на Проф. д-р Невенка Дуковска во салата на ООМУ „Стефан Гајдов“ во Велес. https://eprints.ugd.edu.mk/33056/

13. 30.5.2024 г. - Концерт соло пеење и пијано.

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска на концерт соло пеење и пијано. Изведени дела на концертот од композиторите: Белини, Пучини, Џулијани, Рахмањинов, Моцарт, Шуберт, Скаловски и др. во сала на МА при УГД – Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/35371/

14. 22.6. 2023 г. – Целовечерен концерт пијано и виолина.

Рецитал на Елена Ѓорѓиевска и д-р Невенка Дуковска дела од Телеман, Бетовен - Соната бр.4 и Виењавски - Легенда, изведени во салата на Музичката академија при УГД, д-р Невенка Дуковска. https://eprints.ugd.edu.mk/33055/

Во странство:

1. 27.9.2023 г. - *Kammarkonsert med musik för flöjt och piano, Malmö, Sweden, Камерен концерт - флејта и пијано, Малме, Шведска.*

Настап на проф. д-р Невенка Дуковска на концерт за флејта и пијано во Малме, Шведска, проект поддржан од Министерство за култура. https://eprints.ugd.edu.mk/32197/

2. 20.6.2022 г. - *Концерт на „Дуо Грациозо“ во Мадрид, Шпанија.*

Настап на д-р Невенка Дуковска (пијано), заедно со м-р Кристина Палија (сопран) како „Дуо Грациозо“ во Мадрид на 20 јуни 2022 г., во конзерваториумот „Мануел Родригес Салес“. Проект на Министерство за култура. https://eprints.ugd.edu.mk/30051/

3. 17.6.2022 г. - *Концерт на „Дуо Грациозо“ во Сеговија, Шпанија.*

Настап на „Дуо Грациозо“ во состав: д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) во Сеговија, Шпанија. Проект на Министерство за култура. https://eprints.ugd.edu.mk/30050/

- Доделена награда - Благодарница за придонес во културата и уметноста на истиот фестивал од Здружение АДД „Родина“ во Сеговија , Шпанија, на 17 јуни 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/30050/2/Segovija.pdf

4. 16.3.2022 - *Концерт флејта и пијано во Њујорк, м-р Ване Аревски и д-р Невенка Дуковска.*

Настап на д-р Невенка Дуковска и м-р Ване Аревски во Центарот за култура во Њујорк. Проект поддржан од Министерство за култура, https://eprints.ugd.edu.mk/29752/

5. 24.5.2021 - *„Мај месец музике“ - Врање, Србија/ Концерт - вечер на соло песни.*

Целовечерен концерт на проф. д-р Невенка Дуковска - пијано и м-р Кристина Палија - сопран на манифестација „Мај месец музике“ во Врање, Србија. Концертната програма: Ф. Обрадорс, А. Лара, Џ. Пучини, Маскањи, Зографски, Скаловски и други. https://eprints.ugd.edu.mk/28273/

6. 1.10.2020 - *Настап на 9. Интернационален фестивал „Entrerritmos“ 2020 Лараче, Мароко.*

Настап на д-р Невенка Дуковска во трио – пијано, виолина и сопран на Фестивалот „Enerritmos“, како дел од Меѓународниот фестивал во мароканскиот град Лараче, одржан во ресторанот „Мементо“ на историската винарија од 1928 година „Royal vinery Qeen Maria“ во Демир Капија, но поради пандемијата во 2020 г., одржан онлајн. https://eprints.ugd.edu.mk/26861/

Од награди и признанија, за изминатиот период од пет години, кандидатката е добитник на награда - Благодарница за придонес во културата и уметноста од Здружението АДД „Родина“ во Сеговија, Шпанија, во 2022 година, а во 2023 година се здобива со диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ - Штип. Исто така, во 2021 година како дел од „Дуо Грациозо“ добива признание -Благодарница од Здружението на копаничарите на РМ.

Согласно со правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, кандидатката исполнува 98 поени од научноистражувачка дејност.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Во продолжение се наведуваат останатите релевантни активности во рамки на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност со куси образложенија.

**Рецензиран учебник објавен во последните пет години**

2021 г. - *„Современа нотација во литературата за пијано“.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-856-5 https://eprints.ugd.edu.mk/28967/

Во 2021 година проф. д-р Невенка Дуковска ја издаде својата прва книга-учебник, позитивно рецензирана, печатена и објавена на страната на универзитетската електронска библиотека на УГД-Штип. Овој учебник е наменет за студентите на Музичката академија како учебно помагало на Вокално-инструменталниот оддел – пијано, за студентите по пијано, корепетиција и камерна музика. Ги претставува, анализира и објаснува иновативните истражувања кај современите композитори и совладувањето на новите ознаки во музичкото нотно писмо. Предмет на истражување во овој учебник е музичкото описменување и надградување на младите пијанисти за полесно да ги разбираат и следат дел од современите композиторски трендови. Книгата е наменета за областа пијано, но истата наоѓа примена и во теоријата, како и кај другите инструменти, бидејќи нотното писмо сепак е универзално, во сите сфери, насоки и облици на музиката. Овој ракопис богат со многу примери од современото творештво, претставува еден вид практично помагало за студентите, учениците, па и колегите.

**Учество во универзитетски и факултетски органи, тела, комисии, работни групи и сл.:**

- Член на Универзитетски сенат на УГД во Штип (мај 2019-денес);
- Наставно-научен совет на Филмска академија при УГД-Штип (2015-денес);
- Комисија за избор на декан на Филмска академија, УГД – Штип;
- Повеќе комисии за јавна одбрана на дипломски труд;
- Претседател на комисија за јавна одбрана на магистерски труд;
- Комисија за самоевалуација на Филмска академија во Штип.

Согласно со правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, кандидатката исполнува 25 поени од стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложениот извештај и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека д-р Невенка Дуковска за периодот од извештајот покажала извонредни достигнувања во наставата, во придонесот за професионалниот развој на студентите, како и стручно-апликативната работа.

Кандидатката располага со богата концертна дејност, плодна научноистражувачка работа, но пред се високо ниво на едукативно-педагошка дејност, преку перманентно, активно и синергично учество во сите настапи, додипломски, дипломски и магистерски испити со студентите од Вокално-инструментален оддел, на МА при УГД - Штип. Не помалку важен е и нејзиниот придонес во унапредувањето на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку активното учество во работата на многубројни комисии, органи и тела.

Според изнесените факти и личното искуство во соработка со кандидатката, членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната и уметничка област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип констатираат дека кандидатката д-р Невенка Дуковска во целост ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно-научната и уметничка област – музички уметности и науки (6.04.00.05), согласно со Законот на високото образование и Правилникот за единствени критериуми за постапка на избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Базирајќи се на претходно изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот, кандидатката д-р Невенка Дуковска да биде избрана во звање **редовен професор** од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на д-р Невенка Дуковска во звање редовен професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Ангеле Михајловски, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор, член, с.р.
Проф. м-р Златка Митева, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | **1** | **40** | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба.<br>Има севкупно 29 настапи, 15 целовечерни концерти, од кои 9 во земјава, 6 во странство и 14 концертни настапи со студентите. | 14x3 | 42 | 6x6 | 36 | 78 |
| **21.** | Награди и признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди. Диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти, од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ - Штип 2023, Признание – благодарница за „Дуо Грациозо“ од Здружението на копаничарите на РМ, 2021 и 2022 година – Награда за придонес во културата и уметноста од Здружението АДД „Родина“ во Сеговија, Шпанија | 2x5 | 10 | 1x10 | 10 | 20 |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **26.** | Издаден учебник/книга, објавен во електронска библиотека при УГД | 1 | 10 | | | **10** |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела (член на Универзитетски сенат на УГД – Штип, мај 2019) | 1x5 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (претседател на Комисија за одбрана на магистерски испит;<br>член на Комисија за дипломски испити;<br>член на Наставно-научен совет на Филмска академија при УГД-Штип (2015- денес);<br>Комисија за избор на декан на Филмска академија, УГД – Штип;<br>Комисија за самоевалуација на Филмска академија во Штип.) | 5x2 | 10 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **163** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-47/8 од 10.3.2025 година, донесена на 207. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 10.3.2025 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Емилија Петрова Ѓорѓева**, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област педагогија и теорија на воспитување, претседател;
- **д-р Јадранка Рунчева**, вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област педагогија и образование на наставници, член;
- **д-р Ирена Китанова**, вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област методика и образование на наставници, **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 15.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- д-р Сања Гацов, доктор на образовни науки – училишна педагогија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Сања Гацов е родена на 28.1.1988 година во Штип, Република Македонија. Завршува средно гимназиско образование во Штип во 2006 година со одличен успех. Прв циклус студии завршува на студиската програма Одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Дипломира како најдобар студент на генерацијата во 2010 година, со просек 9,65 и се стекнува со звање **дипломиран професор по одделенска настава**. Во текот на студиите го завршува и Модулот за рано учење на англиски јазик, со што се здобива со право да предава англиски јазик во одделенска настава.

На 30.8.2012 година го завршува вториот циклус на студии на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Социјална педагогија, со просечен успех 9,66, со што се стекнува со звање **магистер по образование подрачје Социјална педагогија.** Тема која ја работела како завршен труд на вториот циклус на студии е „Социјално-педагошката работа во основното училиште“.

На 1.9.2023 година го завршува третиот циклус студии на Факултетот

за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на насоката Училишна педагогија, со просечен успех 8,62, со што се стекнува со стручен назив **доктор на образовни науки – училишна педагогија**. Завршниот труд кој го работела и одбранила во текот на третиот циклус на студии носи наслов „Училишниот педагог во современото училиште".

Кариерата ја започнала како универзитетски волонтер во наставно-образовниот дел на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, исто така паралелно води Курс по англиски јазик за деца во рамките на проект организиран од Локалната самоуправа на Општина Штип (12.10.2010 - 14. 12.2012 година).

Во периодот од 2012 до 2014 година го води Курсот за странски студенти по предметот Македонски јазик за странци на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Во периодот од 2014 до 2015 година работи како волонтер во администрација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Од 2015 година работи како советник во Одделение за издавачка дејност и култура – УГД.

Во 2023 година д-р Сања Гацов реализирала докторска мобилност во рамки на Еразмус + програмата на Универзитетот „Паисии Хилендарски» во Пловдив, Бугарија, Факултет за педагогија, кај проф. д-р Ани Епитропова. Ова искуство го збогатило нејзиното знаење и истражувачки способности, дополнително покажувајќи ја нејзината приспособливост и вештини во меѓународната академска средина.

***Законски и подзаконски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

**Општи услови за избор:**

1. **Просечен успех** - кандидатката има остварено просечен успех на прв циклус на студии од 9,65, просечен успех на втор циклус на студии 9,66 и просечен успех на трет циклус студии од 8,62.
2. **Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира** – Кандидатката д-р Сања Гацов има научен степен доктор на образовни науки - училишна педагогија.
3. **Објавени најмалку четири научни трудови во референтна научна публикација**, согласно со Законот за високото образование, во последните пет години – во прилог е прикажан преглед на трудовите објавени **во последните пет години**:

| Р. бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Gacov, S. | Traditional classroom versus 21st century classroom | Vision International Scientific Journal, Volume 9, Issue 1, 05.03 2024, page 159-167 | 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Gacov, S. | *Pedagogical work in the modern school and antisocial behavior of students* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 251-288, Vol. 67, No. 2 | 2023 |
| 3 | Gacov, S. | *The function of the school pedagogue Comparative review in 10 European countries* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 45-61, Vol. 68. 1 | 2023 |
| 4 | Gacov, S. | *The collaboration between the pedagogue and teachers in the function of improving the teaching work* | Vision International Scientific Journal, Volume 8, Issue 1, March 2023, page 113-132 | 2023 |
| 5 | Gacov, S. | *The responsibilities of the physical education teacher as a pedagogue in the school physical activity program* | Research journal Physical, education, sport, kinesitherapy, 6 (1). pp. 1-9. ISSN 2534-8620 | 2023 |
| 6. | Gacov, S. | *Field of work of the pedagogue and its role in the physical education in elementary school* | PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal, volume 5(4), Art.3, pp. 12-19 | 2022 |
| 7. | Gacov, S. | *Pedagogical Approach In Physical Education, PESK (Physical, education* | Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal, 5 (4). pp. 5-11. ISSN 2534-8620 | 2022 |

4. Потврда за **познавање на еден странски јазик** – кандидатката поседува/има доставено потврда за познавање на странски (англиски) јазик;

5. Способност за изведување на високообразовна дејност – кандидатката била универзитетски волонтерски ангажирана во наставно-образовниот дел на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (24.11.2010 до 30.6.2011 година). Во учебната 2012-2013 година и 2013-2014 година кандидатката е ангажирана од страна на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го води Курсот за странски студенти по предметот Македонски јазик за странци на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Посебни услови:**

- Постигнувањата во научноистражувачката работа кандидатката ги манифестира во текот на третиот циклус на студии и изработката на докторската дисертација, објавувањето и презентирањето на истражувачките резултати во форми на научни трудови и презентации, меѓу кои и посебно се истакнуваат и два научни труда објавени во списанија со фактор на влијание;
- Две препораки од професори – Кандидатката има доставено препораки од двајца релевантни професори од областа.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Сања Гацов во учебната 2012-2013 година и 2013-2014 година на УГД - Филолошки факултет била ангажирана во предавањата по

курсот за странски студенти за предметот Македонски јазик за странци во периодот од 14.2.2012 до 10.5.2013 година.

Таа од 12.10.2010 до 15.12.2012 година предавала на Курс за странски студенти по македонски јазик за деца, курс организиран од Општина Штип.

Кандидатката д-р Сања Гацов во периодот од 24.11.2010 до 30.6.2011 била ангажирана како универзитетски волонтер во наставно-образовниот дел на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

***Кандидатката д-р Сања Гацов ги има објавено следниве трудови:***

1. Gacov, S. (2024). ***Traditional classroom versus 21st century classroom,*** Vision International Scientific Journal, Volume 9, Issue 1, 05.03 2024, page 159-167.
2. Gacov, S. (2023). ***Pedagogical work in the modern school and antisocial behavior of students,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 251-288, Vol. 67, No. 2. Труд објавен во **меѓународно списание со импакт фактор.**
3. Gacov, S. (2023). ***The function of the school pedagogue – comparative review in 10 European countries,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 45-61, Vol. 68. 1. Труд објавен во **меѓународно списание со импакт фактор.**
4. Gacov, S. (2023). ***The collaboration between the pedagogue and teachers in the function of improving the teaching work.*** Vision International Scientific Journal, Volume 8, Issue 1, March 2023, page 113-132.
5. Gacov, S. (2023). ***The responsibilities of the physical education teacher as a pedagogue in the school physical activity program,*** PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 6(1), Art1, pp. 01-09, (Online).
6. Gacov, S. (2022). ***Field of work of the pedagogue and its role in the physical education in elementary school,*** PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 5(4), Art.2, pp. 5-11, (Online).
7. Gacov, S. (2022). ***Pedagogical Approach In Physical Education,*** PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 5(4), Art.3, pp. 12-19, (Online).
8. Gacov, S. (2011). ***Семејството како клучен фактор во работата на современото училиште,*** Yearbook Faculty of philology, pp. 203-210, Vol. 2 No. 2.

Кандидатката д-р Сања Гацов има забележителни научноистражувачки активности и се појавува како автор на трудови објавени во референтни меѓународни научни списанија и публикации, кои заедно со нивна евалуација се прикажани во продолжение.

1. Gacov, S. (2024). ***Traditional classroom versus 21st century classroom,*** Vision International Scientific Journal, Volume 9, Issue 1, 05.03 2024, page 159-167

Во овој труд се разгледува значењето на училницата како клучна средина за организирано учење, која треба да се приспособи на современите услови и да обезбеди пријатна атмосфера за учениците. Целта е учениците да се подготват за предизвиците на иднината, а успешните наставници се оние чии ученици ќе бидат мотивирани и ќе израснат во самостојни индивидуи кои ќе бидат самостојни во учењето, дури и без присуството на наставниците. Наставата организирана во училницата треба да им помогне на учениците не само да стекнат знаење, туку и важни животни и професионални вештини. Образованието има голема улога во иднината на секој човек, бидејќи го

подготвува за светот кој допрва доаѓа – свет кој сè уште не можеме целосно да го замислиме. Во трудот е нагласено дека училиштето не ги подготвува учениците за светот „денес“, туку за оној „утре“, што е тешко дури и да се замисли.

2. Gacov, S. (2023). ***Pedagogical work in the modern school and antisocial behavior of students,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 251-288, Vol. 67, No. 2

Трудот на кандидатката д-р Сања Гацов ја истражува улогата на педагогот во основните училишта, особено во контекст на современите предизвици, како што се асоцијално, деструктивно и насилно однесување кај учениците. Преку анализи, истражувања и обработка на податоци, авторката укажува на потребата од поактивно вклучување на педагозите во образовниот систем, не само за превенција, туку и за соработка со наставниците и родителите при решавање на ваквите проблеми.

Истражувањето го потврдува постоењето на сериозни проблеми во однесувањето во училиштата, како што се физички пресметки, навреди, кражби и непочитување на кодексот на однесување. Во трудот е истакнато дека педагозите можат да бидат клучна алка во спречување на овие појави, преку примена на соодветни методи и подобра соработка со стручните служби.

Важноста на овој труд се огледува и во тоа што носи нови сознанија и нуди конкретни препораки за подобрување на воспитно-образовниот процес, правејќи го значаен ресурс за наставници, стручни служби и креатори на образовни политики.

3. Gacov, S. (2023). ***The function of the school pedagogue – Comparative review in 10 European countries,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), pp. 45-61, Vol. 68. 1

Во овој труд д-р Сања Гацов преку компаративна анализа ги прикажува функциите на училишниот педагог во 10 европски земји. Трудот ги истакнува клучните функции на педагозите – од дијагностичка и советодавна до превентивна, медијаторска и истражувачка. Во трудот е истакнато дека педагозите играат суштинска улога во поддршката на учениците, наставниците и родителите, како и во спречување на проблеми во образовнието и поведението. Покрај тоа, авторката го нагласува и значењето на меѓусебната соработка, развојот на кариерата на учениците.

4. Gacov, S. (2023). ***The collaboration between the pedagogue and teachers in the function of improving the teaching work.*** Vision International Scientific Journal, Volume 8, Issue 1, March 2023, page 113-132

Во трудот е ставен фокус на конкретни предлози и насоки за унапредување на работата на наставниците во основното образование, врз основа на реални согледувања и податоци добиени преку истражување. Авторката укажува на актуелните предизвици со кои се соочуваат наставниците и педагозите, како што се потребата од професионален развој, јасно дефинирани улоги, соработка со родителите, како и ослободување од прекумерна административна работа.

Во трудот се истакнува важноста од организирање работилници, специјализирани обуки, подобро функционирање на стручната служба и вклучување на Бирото за развој на образованието во поддршката на наставниците, поголема практична подготовка на студентите на педагошките студии, што укажува на визија за долгорочно унапредување на наставничкиот кадар.

5. Gacov, S. (2023). ***The responsibilities of the physical education teacher as a pedagogue in the school physical activity program*,** PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 6(1), Art1, pp. 01-09, (Online)

Во трудот е нагласена клучната улога на наставникот во процесот на планирање, организирање и реализирање на активности за учење, со посебен фокус на наставата по физичко образование. Авторката истакнува дека наставникот не е само реализатор на активности, туку активен планер и евалуатор, кој мора да го приспособи процесот на учење според конкретните потреби на учениците и условите во училиштето.

Трудот дава практични насоки за тоа како наставниците можат да соработуваат и да ги поделат своите улоги според индивидуалните вештини – како создавање алатки за оценување, управување со податоци и следење на нови евалуациски практики. Ваквиот пристап поттикнува тимска работа и професионална специјализација во рамките на наставничкиот кадар. Со вакви систематизирани пристапи, трудот ја афирмира важноста на објективното оценување и отчетноста на наставниците, што е клучно за подигнување на угледот и квалитетот на наставата.

6. Gacov, S. (2022). ***Field of work of the pedagogue and its role in the physical education in elementary school*,** PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 5(4), Art.2, pp. 5-11, (Online)

Трудот дава увид во современата, комплексна улога на педагогот во образовниот систем. Преку реконцептуализација на традиционалната улога, авторката ги истакнува новите барања што се поставуваат пред педагозите – не само како стручни лица, туку и како лидери, ментори и поддржувачи на развојот на учениците. Овде се анализирани личните, педагошките и професионалните квалитети што треба да ги поседува еден современ педагог – како емпатија, комуникациски вештини, објективност, тимска работа и професионална етика. Авторката укажува дека улогата на педагогот не е ограничена само на советување, туку опфаќа и активна соработка со наставниците и раководството во креирање услови за оптимално учење, здравје и развој на учениците.

Дополнително, трудот го нагласува и значењето на физичката активност и здравиот стил на живот како дел од воспитно-образовната мисија, промовирајќи иницијативи како спортски активности, екскурзии и здрава животна култура.

7. Gacov, S. (2022). ***Pedagogical Approach In Physical Education*,** PESK (Physical, education, sport, kinesitherapy Research journal), volume 5(4), Art.3, pp. 12-19, (Online).

Овој труд се осврнува на важноста на физичкото образование и неговото влијание врз сите аспекти на индивидуалниот развој во современото општество. Анализираните придобивки покажуваат дека физичкото образование не е важно само за децата и младите, туку и за сите возрасни групи, бидејќи придонесува за целокупното здравје, развојот на личноста и градењето на здраво и функционално општество. Трудот носи и поширока општествена вредност, преку промовирање на здрави животни навики, физичка активност и активно учество во вонннаставни активности. Авторката укажува дека воспитно-образовната работа не треба да се одвива само во училница, туку и надвор од неа – преку спорт, рекреација и практични активности што придонесуваат за холистички развој на личноста.

8. Gacov, S. (2011). ***Семејството како клучен фактор во работата на современото училиште,*** Yearbook Faculty of philology, pp. 203-210, Vol. 2 No. 2

Трудот ги истакнува суштинските вредности и улоги на воспитувачот како клучна фигура во обликување на иднината на младите генерации. Преку акцентот на младоста, идеалите и позитивните емоции, авторката ја нагласува потребата воспитувачот да дејствува не само како пренесувач на знаење, туку како инспиративен модел кој ја поттикнува етичката и емоционалната зрелост на учениците. Трудот ја отвора и темата за значењето на вистинската, планирана и суштинска соработка помеѓу училиштето и родителите – соработка која не смее да се сведува на формални состаноци или ад-хок реакции, туку треба да претставува активна и двонасочна комуникација. Авторката со право потсетува дека родителите можат да бидат вистински сојузници во воспитно-образовниот процес, носители на искуство и влијание, со што се создава основа за посилен, поквалитетен и посреќен развој на децата.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Сања Гацов учествувала на домашни и меѓународни семинари, конференции и обуки од областа на образованието и педагошките науки.

- Мобилност во рамки на третиот циклус на студии преку програмата Еразмус во Република Бугарија – Пловдив од 3.4.2023 до 12.4.2023 год. на Универзитет „Паисии Хилендарски", Факултет за педагогија.
- Потврда за учество и презентација на труд „Форми на модернизација во работата со надарени деца" од Здружение на воспитувачи на Македонија, 28.2.2023 год., Штип.
- Сертификат за учество на 6. Меѓународна конференција „Contemporary Education – Condition, Challenges and Perspectives", 11-12 мај 2018 год., Штип.
- Сертификат за учество на Симпозиум во Риека, Република Хрватска, 23-25 март 2011 година, Симпозиум на хрватско-македонскиот литературни, јазични и културни врски.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Сања Гацов. Кандидатката ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во насловно звање доцент.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Сања Гацов, може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала значајни резултати. Истражувачката активност на кандидатката, документирана преку објавени трудови и учество на релевантни научни собири, ја рефлектира нејзината посветеност кон продлабочување на стручните знаења за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмацијата на педагогијата во земјава и во странство.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере д-р Сања Гацов во наставно-научно звање насловен доцент за наставно-научната област педагогија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, редовен професор – претседател, с.р.
Д-р Јадранка Рунчева, вонреден професор – член, с.р.
Д-р Ирена Китанова, вонреден професор – член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор) (бр. 2,3.) | 2*15 | | | | 30 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) Трудови бр. 1, 4, 5, 6, 7 | 5*9 | | | | 45 |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Студиски престој во странство: Еразмус + (Бугарија) | | | 1 | 8 | 8 |
| | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди (најдобар студент на генерација) | 1 | 5 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **100** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Член на институтски орган, комисија (Издавачка дејност) | 1*2 | | | | 2 |
| | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | 0,5 | | | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **/** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **102,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-51/5 од 2.4.2025 година донесена на 208. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 2.4.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Кирил Барбареев, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област методика и образование на наставници - претседател;
- проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област методика и образование на наставници – член;
- проф. д-р Снежана Мирасчиева, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област педагогија и дидактика - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 14.3.2025 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Ирена Китанова, вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Проф. д-р Ирена Китанова е родена на 29.9.1981 год. во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во родното место.

Во 2000 година се запишува на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Уште од прва година се насочува кон практичната настава и како резултат на тоа е вклучена во проектот „Со читање и пишување до критичко мислење“. Во 2002 година преку проектот „Партнерство и демократија во образованието“, чиј носител е Педагошки факултет во Битола, а Педагошкиот факултет во Штип е партнер, реализира тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год.) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со Сертификат за обучен наставник во мултикултурното образование и Сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик. Во учебната 2002/2003 год. се стекнува со диплома за најдобар студент на генерацијата која ја доделува Сојузот на студенти на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Дипломира на 12.3.2004 година на Отсекот за одделенска настава како студент на генерацијата со просек 9,71 и се

здобива со звањето дипломиран професор по одделенска настава.

На Педагошкиот факултет во Штип, како помлад асистент (Билтен бр. 858, 1 октомври 2004 год., Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје) е избрана по предметите:

- Методика на наставата по македонски јазик;
- Историја на педагошки идеи (на Отсекот за одделенска настава и на Отсекот за предучилишно воспитување);
- Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава;
- Методика на работа со надарени деца.

Со Одлука бр. 0402-176/51 од 15.1.2008 год. на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет повторно е избрана во звањето помлад асистент по предметите:

- Методика на наставата по македонски јазик;
- Историја на педагошките идеи;
- Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава;
- Семејна педагогија на Отсекот за одделенска настава.

На 5.2.2009 година го брани магистерскиот труд на тема *„Комплексната постапка за усвојување на буква во почетното читање и пишување и нејзино унапредување“* на Педагошкиот факултет во Битола и се стекнува со звање магистер по педагогија во областа на методиката.

Со Одлука бр.2102-62/4 на 14.9.2009 г., Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет ја избира во звањето асистент на предметите:

- Методика на наставата по македонски јазик;
- Методика на воспитна работа на Отсекот за одделенска настава;
- Историја на педагошки идеи;
- Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава.

На 26.8.2015 год. на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола ја брани докторската дисертација на тема *„Детерминанти на активното слушање и нивните импликации во воспитно-образовниот процес“* и се стекнува со звање доктор на образовни науки од областа на методиката.

Во 2015 година во коавторство со проф. д-р Блаже Китанов издава е-скрипта „Методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование“ и е-практикум со наслов „Практикум по методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование“, достапни во е-библиотека на Универзитетот.

Со Одлука бр. 1602-40/3 од 21.1.2016 година на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки ја избира во звање доцент во наставно-научните области методика и образование на наставници по предметите:

- Методика на наставата по македонски јазик 1 и 2;
- Методика на почетно читање и пишување;
- Методичка интерпретација на текст;
- Методика на јазично подрачје;
- Историја на педагошки идеи;
- Практична настава / Педагошка пракса 1, 2 и 3.

По покана од Педагошки факултет, Универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р Бугарија, во декември 2019 година реализира предавање на тема „Улогата на активното слушање во образовниот процес“ за студентите

на Педагошки факултет при Универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р Бугарија.

Во 2020 година во рамките на проектот „Enhancing Youth Cooperation and Youth Exchange in the Western Balkan 6“, финансиски поддржан од Европската Унија, е фасилитатор на работна група од 40 студенти на Факултетот за образовни науки.

На седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки одржана на 19 септември 2019 година со Одлука бр. 1602-129/5 е избрана за продекан за настава.

Со Одлука бр. 1602-87/3 од 18.9.2020 година е избрана за наставник во наставно-научно звање вонреден професор од областите методика и образование на наставници по предметите:

- Методичка интерпретација на текст (Одделенска настава и Предучилишно воспитание);
- Практична настава 1, 2, 3 (Одделенска настава);
- Методика на настава по македонски јазик 1и 2 (Одделенска настава);
- Практична настава - интердисциплинарен проект (Одделенска настава);
- Историја на педагошки идеи (Педагогија, Предучилишно воспитание и Историја - наставна насока);
- Методика на јазично подрачје (Педагогија);
- Методичка пракса - јазично подрачје (Педагогија);
- Социо-педагошки аспекти на воспитно-образовната дејност (втор циклус);
- Методика (според Програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка);

предмети:

- Методика на почетно читање и пишување (Одделенска настава)

Во август 2021 година е ангажирана во Стопанска комора на Северна Македонија како дел од тимот сектор Образование, кој низ истражувања спроведени во средното и високото образование прави обид да ја утврди корелацијата помеѓу фирмите на пазарот на трудот и потребите во образованието како дел од средното дуално образование, во двегодишен мандатен период.

Од страна на Државниот испитен центар со Одлука бр. 10-101/1 од 3.2.2021 год. е дел од стручниот тим за изготвување на Предлог-концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование.

Во 2021 година како дел од проектот „*Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.)*“, финансиран од страна на Биро за развој на образованието на РС Македонија во реализација на ЦЕС Академија - професионален центар за обуки е обучувач во седум работилници во средни училишта во Општина Штип на тема „Современите концепции на средното образование-новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“, наменета за наставниците во средните училишта.

Во декември 2022 година е назначена за претседател на Комисијата на Литературниот награден конкурс за есеј на тема „Поетските љубови, маки и сонувања по родното место на Ацо Шопов" во организација на НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев", Штип.

На 28.2.2023 година ја следи обуката на тема „Форми на модернизација во работата со надарени деца" во Штип, организирана од страна на Здружение на воспитувачи на Македонија.

Во ноември 2024 год., во рамките на проектот „Истражување на потребите на корисниците на библиотеката" финансиран од страна на Министерството за култура на РС Македонија, реализира обуки за библиотекари од Источниот регион на тема „Креирање прашалници за истражување на потребите на корисниците".

Проф. д-р Ирена Китанова е активен партиципиент на The European Cooperation in Science and Technology (COST) is an EU-funded programme that enables researchers to set up their interdisciplinary research networks in Europe and beyond. Профил во прилог на линкот: https://e-services.cost.eu/.

**Општи услови за избор:**

- Остварен просек 9,71 од прв циклус на студии и 9,04 од втор циклус на студии;
- Д-р Ирена Китанова докторските студии ги завршува успешно со одбрана на докторската дисертација под наслов „Детерминанти на активното слушање и нивните импликации во воспитно-образовниот процес" на 26.8.2015 година и се стекна со академски научен степен доктор по образовни науки;
- Претходниот избор е во звање вонреден професор во областите методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
- Кандидатката во изборниот период има објавено повеќе рецензирани научни трудови од кои издвојуваме 10 научни трудови во референтни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Kitanova Irena | The process of reading comprehension and communicating with text as a basis in primary teaching. | International Journal Knowledge, 45.2 (2). pp. 177-180. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/34650/ | 2021 |
| 2 | Kitanova Irena | Development and meaning of speech, language and text in language methodology. | International Journal Knowledge, 45.2 (2). pp. 187-192. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/34651/ | 2021 |
| 3 | Kitanova Irena | Resistance management in education-teacher`s resistance to the use of electronic boards. | Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 78-83. ISSN 1857-8705https://eprints.ugd.edu.mk/31756/ | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Irena Kitanova | Methodical approach in the language area in the pre-school period. | International Journal Knowledge, 55 (2). pp. 321-324. ISSN 1857-923x https://eprints.ugd.edu.mk/31755/ | 2022 |
| 5 | Irena Kitanova, A.Koceva | Dyslexia & language teaching | Palimpsest - International journal for linguistic, literary and cultural research, 7 (14). pp. 223-230. ISSN 2545-3998 https://eprints.ugd.edu.mk/31475/ SCOPUS: https://www.scopus.com/sourceid/21101041414 | 2022 |
| 6 | Irena Kitanova | Critical and Research Reading as Part of Reading Comprehension | Mednarodna konferenca EDUvision 2023 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. pp. 397-402. ISSN 978-961-96514-2-1 https://eprints.ugd.edu.mk/34690/ | 2023 |
| 7 | Irena Kitanova, I. Stojanova | Улогата на библиотеката и професионалноста на библиотекарот во наставата/ образовани-ето | Трета меѓународна научна конференција на библиотекари, 39 (1/2). Pp. 180-184. ISSN 2955-2028 https://eprints.ugd.edu.mk/34606/ | 2023 |
| 8 | Irena Kitanova, I. Stojanova | Говорот и фактори кои влијаат за совладување на секојдневната комуникација меѓу образовните институции. | Годишен зборник, ФОН, УГД,12. pp. 97-100. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/34607/ | 2023 |
| 9 | Irena Kitanova | The word of the teacher- a source of knowledge in teaching and strengthening the interactive component | International Journal, Knowledge 63.2 (2). pp. 175-179. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/35275/ | 2024 |
| 10 | Irena Kitanova | The Writing Process in Classroom Teaching. | Mednarodna konferenca EDUizziv »Izzivi poučevanja in vrednotenja znanja«. pp. 544-549. ISBN 978-961-96514-6-9 https://eprints.ugd.edu.mk/34963/ | 2024 |

- Кандидатката го познава и активно се служи со англискиот јазик;
- Има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебник, скрипта, практикум учества во научни конференции и проекти. Ангажирана е во изведување на наставата на студиските програми Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Педагогија, како и на студиската програма за Стручно усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка, како и на насоката Образование на наставници и професионален развој на втор циклус студии.

**Посебни услови:**

Кандидатката вонреден проф. д-р Ирена Китанова во август 2021 година го започнува ангажманот во Стопанска комора на Северна Македонија, ангажирана како дел од тимот сектор Образование, каде што преку спроведувања на истражувања спроведени во средното и високото образование се утврдува корелацијата помеѓу фирмите на пазарот на трудот и потребите во образованието како дел од дуалното средно образование. Ваквиот ангажман е од времетраење на две години се до август 2023 година.

Од страна на Државниот испитен центар со Одлука бр. 10-101/1 од 3.2.2021 год. е дел од стручниот тим за изготвување на Предлог-концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование.

Во 2021 година како дел од проектот „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.)“, финансиран од страна на Биро за развој на образованието на РС Македонија во реализација на ЦЕС Академија професионален центар за обуки е обучувач во седум работилници во средни училишта во Општина Штип на тема „Современите концепции на средно образование-новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“ наменета за наставниците во средните училишта.

Во декември 2022 година е назначена за претседател на Комисијата на Литературниот награден конкурс за есеј на тема „Поетските љубови, маки и сонувања по родното место на Ацо Шопов“ во организација на НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип.

На 28.2.2023 година ја следи обуката на тема „Форми на модернизација во работата со надарени деца“ во Штип, организирана од страна на Здружение на воспитувачи на Македонија.

Во ноември 2024 год., во рамките на проектот „Истражување на потребите на корисниците на библиотеката“ финансиран од страна на Министерството за култура на РС Македонија, реализира обуки за библиотекари од Источниот регион на тема „Креирање прашалници за истражување на потребите на корисниците“.

Проф. д-р Ирена Китанова е активен партиципиент на The European Cooperation in Science and Technology (COST) is an EU-funded programme that enables researchers to set up their interdisciplinary research networks in Europe and beyond. Профил во прилог на линкот: https://e-services.cost.eu/.

Согласно со критериумите за избор во повисоко звање (редовен професор), проф. д-р Ирена Китанова ги има објавено следниве публикации:

1. Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование (од I до V одделение), проф. д-р Блаже Китанов, доц. д-р Ирена Китанова, е-скрипта, 2015 год.
2. Практикум за наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование, доц. д-р Ирена Китанова, проф. д-р Блаже Китанов, 2015 год.;

3. Историја на педагошки идеи, проф. д-р Ирена Китанова, 2021, е-учебник;
4. Petrova Gj., E., Mirascieva, S., Petrovska, S., Sivevska, D., Kitanova, I.,Koceva, D., Josimovska, V., Cackov, O., Stojanov, T. (2020) Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020). Documentation. Универзитет „Гоце Делчев", Штип (монографија) https://eprints.ugd.edu.mk/27320/

Со Одлука бр. 1602-81/6 од 25.8.2020 година е член на Уредувачки одбор на Монографија по повод 25 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки (1995-2020).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката проф. д-р Ирена Китанова својот професионален пат го започнува на Педагошки факултет „Гоце Делчев" во Штип, како помлад асистент (Билтен бр. 858, 1 октомври 2004 год., Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје), со што последователно се стекнува со сите предвидени звања, потоа асистент со Одлука бр. 2102-62/4 на 14.9.2009 год. на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, доцент со Одлука бр. 1602-40/3 од 21.1.2016 година на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, во областите методика и образование на наставници, а со Одлука бр. 1602-87/3 од 18.9.2020 година избрана е во наставно-научно звање вонреден професор од областите методика и образование на наставници.

Во нејзиниот кариерен развој се вбројува и изборот на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки одржана на 19 септември 2019 година со Одлука бр. 1602-129/5 за продекан за настава. Професионалниот и кариерен развој проф. д-р Ирена Китанова го развива и надвор од државата во рамките на две ERAZMUS+ посети и тоа: ERAZMUS Staff Week mobility at South-West University «Neofit Rilski» - Higher Education - Modern Perspectives and Horizons, organized by South-West University «Neofit Rilski» 7-11 November 2022, Blagoevgrad, Bulgaria и ERAZMUS mobility by CES Academy Skopje, at EUROPASS Teacher Academy, "Transforming Education: Integrating AI, AR, VR, and 3D Printing for Effective Learning", Berlin, Germany, 13-18 May, 2024. Како дел од проектот 2023-1-MK01-KA121-ADU-000127661.

Кандидатката е ангажирана во наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки на следниве студиски програми и предмети: Методичка интерпретација на текст (Предучилишно воспитание, Одделенска настава), Практична настава 1, 2, 3 (Одделенска настава), Методика на настава по македонски јазик 1, 2 (Одделенска настава), Практична настава - интердисциплинарен проект (Одделенска настава), Историја на предагошки идеи (Педагогија, Предучилишно воспитание, Историја - наставна насока), Методика на јазично подрачје (Педагогија), Методичка пракса - јазично подрачје (Педагогија), Методика на почетно читање и пишување (Одделенска настава).

Ангажирана е и на втор циклус студии по предметот Социо-педагошки аспекти на воспитно-образовната дејност, како и на Програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев " – Штип, по предметот Методика.

Професионалниот однос на вонреден проф. д-р Ирена Китанова се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски трудови, како член на повеќе комисии за одбрана на дипломски труд, магистерски, докторски, како и специјалистички трудови. Професионалниот ангажман е поширок и го опфаќа и полето изработка на елаборати за студиските програми на Факултетот за образовни науки, како и членување во рецензентски комисии за избор во научни звања.

Професионална посветеност покажува и како претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, член на Наставно-научниот совет на Факултетот и член на Катедрата по дидактика и методика.

**Објавени трудови и учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за редовен професор:**

1. Kitanova, Irena (2020) Active listening in the educational practice - conditions and problems. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38.2. pp. 395-399. ISSN 2545-4439 / 1857-923X

2. Kitanova, Irena (2020) How active hearing is necessary in the teaching process. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38.2. pp. 453-457. ISSN 2545-4439 / 1857-923X

3. Kitanov, V., Kitanova, Irena and Ristova, C., Angelkova, T. (2019) Tourism and student excursions as a part of the educational system. Knowledge – International Journal , 34 (2). pp. 523-527. ISSN 2545 – 4439

4. Kitanova, Irena (2019) Profession teacher as a part of modern society. Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи" . ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2

5. Kitanova Irena, E. P. Gjorgjeva (2019) Teaching methods in analysis of a texst in class teaching, Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи" . ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2

6. Kitanova, Irena (2019) Teacher perceptions for using computer and media learning (IKT) in Macedonian language teaching class in primary education. Teacher - International Journal. ISSN 1857 – 8888

7. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena (2019) Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence. In: Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers.

8. Kitanova, Irena (2018) Improving the process of reading for a successful understanding of the read. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.2 (1). pp. 625-629. ISSN 1857-923X

9. Kitanova, Irena (2018) The process of reading and the method of work with text in primary teaching. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23.1 (1). pp. 97-101. ISSN 1857-923X

10. Kitanova, Irena and Kitanov, V. (2018) Interaction-communication aspect of active listening in teaching. Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи", Шеста меѓународна научна конференција, Штип (6). pp. 21-27. ISSN 978-608-244-525-0

11. Kitanova, Irena and Petrova Gjorgjeva, E. (2018) The role of active listening in primary education and teaching. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 129-133. ISSN 1857-92

12. Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena, Mirascieva, S., Koceva, D. (2017) The educator as a creativity ancourager in children. In: VIII Međunarodna naučno-stručna konferencija „Unapređenje kvalitete života djece i mladih", 23-25 June 2017, Aranđelovac, Serbia.

13. Kitanova, Irena, Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S., Koceva, D. (2017) Читањето како потреба и радост. In: Education at the crossroads-conditions, challenges, solutions and perspective, 10-11 Nov 2017, Bitola, Macedonia. (In Press)

14. Kitanova, Irena, Petrova Gjorgjeva, E. (2017) Можности на интеркултуралното воспитание. In: Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител...", Факултет за образовни науки, УГД, Штип, 6 Oct 2017, Stip, Macedonia.

15. Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena, Gjorgjev, N. (2017) Asocial behavior and young people in the Republic of Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-92

16. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena (2017) Образованието на Ромите и неговите слабости. Зборник на трудови „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи", pp. 164-169. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

17. Mirascieva, S., Petrova Gjorgjeva, E., Koceva, D., Kitanova, Irena (2017) Фактори на успешна комуникација на менаџерот во училиштето. Зборник на трудови „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи" - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

18. Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S., Kitanova, Irena and Koceva, D. (2017) Приоритети на современото училиште од воспитен аспект. Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

19. Kitanova, Irena, Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S., Koceva, D.(2017) Активно слушање во наставата и поучувањето. Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

20. Kitanova, Irena (2017) The impact of interaction on providing conditions for listening in teaching. Teacher, International Journal of Education, 13. pp. 18-22. ISSN 1857-8888

21. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena (2016) Култура, глобализација, идентитет. Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

22. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena (2016) Интеркултурните компетенции – предизвик за наставниците во мултикултурните општества. Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

23. Mirascieva, S., Petrova Gjorgjeva, E., Koceva, D., Kitanova, Irena (2016) За предизвиците и перспективите на професијата учител. Научно-стручна

трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

24. Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S., Kitanova, Irena, Koceva, D. (2016) Современото училиште како организациски систем. Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

25. Kitanova, Irena, Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S., Koceva, D. (2016) Читање и работата со текст во одделенска настава. Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

26. Mirascieva, S., Koceva, D., Petrova Gjorgjeva, E., Kitanova, Irena (2016) Поврзаноста меѓу образованието, практиката и воспитно-образовните цели во општествен контекст. Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

27. Kitanov, B., Kitanova, Irena (2016) Писмата на Антоан де Сент Егзипери до мајка му. Annual Miscellaneous Collection, 6. ISSN 1409-9187

28. Kitanov, B., Kitanova, Irena (2016) Тајната на ружата во Малиот принц на Егзипери. In: First International Scientific Conference FILKO - Philology, Culture and Education, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia.

29. Kitanova, Irena, Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S., Koceva, D. (2016) Possibilities and forms of work with talented student in elementary school. In: Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, 7 Oct 2016, Stip, Macedonia.

30. Kitanova, Irena (2016) Methodical structure of a lesson for interpretation of a fairy tale. In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

31. Kitanova, Irena (2016) Методска структура на час за интерпретација на сказна. In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

32. Kitanov, B., Kitanova, Irena (2016) For some symbolist features in “The Little Prince” from Antoine De Sent Exupéry. In: 10th International Balkan Congress on Education and Science «Education and Globalization», 17-19 Sept 2015, Ohrid, Macedonia.

33. Ирена Китанова (2016) Читањето како потреба и радост, Меѓународна научна конференција „Климентовото дело“, зборник.

**Објавени трудови и учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2020-2025**

**Учество на конференции 2020-2025**

1. The 30th international scientific conference under the topic KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 16 – 18. 04.2021 in Vrnjacka Banja, Republic of Serbia
2. XXXIX International Scientific Conference THE POWER OF KNOLEDGE, 16-18.12.2022, Bansko, R Bulgaria
3. International Scientific Conference 75th Anniversary of the Institute of Pedagogy-Educational Challenges and Future Prospects, Ohrid, May, 2022

4. Plenary Lecture at the International Conference EDUvision, November 2023, Ljubljana
5. Меѓународна научна конференција на библиотекари, БЗМ, Охрид, Април, 2023
6. 44th International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS 29-31.03.2024, Sokobanja, R Serbia
7. Plenary Lecture at the International Conference EDUchallenge, June 2024, Ljubljana.

**Список на објавени научни и стручни трудови**

**Објавени научни и стручни трудови во изборниот период 2020-2025**

1. Kitanova, Irena (2021) The process of reading comprehension and communicating with text as a basis in primary teaching. International Journal Knowledge

Во овој труд авторката пишува за толкувањето на литературно дело во триаголникот текст-настава-ученик од перспектива на: наставна цел и задачи, програмска содржина, интерпретативни модели, учебник, карактеристики на наставникот и на когнитивно-искуствените можности на ученикот. Целта на наставата по македонски јазик е учениците да ги совладаат основните закони на јазикот на кој ќе се изразуваат усно и писмено, да запознаваат, искусат и оспособат да разберат одредени литературни дела. Во трето и четврто одделение во програмата предвидена за македонски јазик се воведуваат учениците подлабоко во процесот на читање и разбирање на прочитаното. При толкување на даден текст, аналитичкиот и синтетичкиот метод се користат во поголема мера и треба да се проткаат со решавање на проблемски прашања кои произлегуваат од текстот и искуства преку кои ученикот ќе почне да согледува, открива, истражува, оцени и заклучува со цел да се стимулира љубопитноста, свесната активност и истражувачката активност на ученикот.

2. Kitanova, Irena (2021) Development and meaning of speech, language and text in language methodology. International journal Knowledge, 45.2 (2). pp. 187-192. ISSN 2545-4439

Авторката во овој труд се навраќа на корените на јазикот и неговите почетоци со цел да се разбере суштината на говорењето, јазикот како систем на изразување мисли и средство за разбирање меѓу луѓето. Повеќе од 2.000 години јазикот е предмет на истражување и дискусија, од антички индиски, грчки и римски филозофи до средновековни граматичари и модерни лингвисти од дваесеттиот и дваесет и прииот век. Трудот е анализа на две спротивставени гледишта за настанокот на јазикот.

3. Kitanova, Irena (2022) Resistance management in education-teacher`s resistance to the use of electronic boards. Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 78-83. ISSN 1857-8705

Во трудот авторката се обидува да го насочи вниманието кон модерниот и иновативен менаџмент во образованието кој првенствено бара целосна посветеност на работата, одговорност и ефикасност во извршувањето на задачите што резултира со успех/ неуспех на менаџерот, особено на карактеристиките на успешен менаџер во училиштето.

4. Kitanova, Irena (2022) Methodical approach in the language area in the pre-school period. Knowledge, 55 (2). pp. 321-324. ISSN 1857-923x

Пишувањето, како и читањето, е дел од јазичната област што се изучува во предучилишните установи, вели авторката на овој труд. Според педагогот и истражувач Лозанчиќ, тоа е сложена мисловна активност (составување пораки), но и графомоторна вештина (меморирање на движењата и извршување на потребното движење со прстите и раката). Како најсложената вештина бара внимание, меморија, добро развиени графомоторни вештини, јазик и знаење. Мендес додава дека детето почнува да пишува во градинка, па писменоста што ја доживуваат децата во предучилишните установи е функционална, значајни, автентични и вградени во секојдневните активности. Преку активно ангажирање, истражување и експериментирање, децата почнуваат да формираат концепти за природата и обрасците на пишаниот јазик. Оттука, претпримарното истражување на писменоста ја нагласува улогата на возрасниот (воспитувач) во поттикнувањето на развојот на писменоста на детето и помагање на детето во стекнување на описменување.

5. Kitanova, Irena and Koceva, A. (2022) Dyslexia & language teaching. Palimpsest - International journal for linguistic, literary and cultural research, 7 (14). pp. 223-230. ISSN 2545-3998

Детектирањето на одредени тешкотии при изучување на јазикот е предмет на интерес во овој труд. Успешното предавање директно зависи од способноста на наставникот да ги препознава потребите и тешкотиите на учениците и соодветно да ги подучува. Затоа, од суштинско значење е да се биде свесен за опсегот на тешкотии предизвикани од дислексијата во процес на учење на јазикот. Дислексијата како тешкотија во учењето сè уште е во голема мера непризнаена во Македонија и таа едвај се нарекува дел од образовниот процес на кое било ниво. Тука се претставени најчестите проблеми на учениците со дислексија и се предлагаат можни решенија преку најчесто застапените методи во наставата по јазик.

6. Kitanova, Irena and Stojanova, I. (2023) Улогата на библиотеката и професионалноста на библиотекарот во наставата/образованието. Трета меѓународна научна конференција на библиотекари, 39 (1/2). pp. 180-184. ISSN 2955-2028

Овој труд претставува модел на библиотечна ориентација за влезните ученици од сите основни и средни училишта, како и за студентите од високите образовни институции на додипломски студии, користејќи ја Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип како пример. Воспитно-образовните институции и Библиотеката работат заедно за да обезбедат непречена транзиција за учениците и студентите. Во трудот разговараме за улогата на обиколките во библиотеката, библиотечните вежби во образованието фокусирајќи се на соработката помеѓу вклучените оддели, севкупниот одговор на учениците и студентите и придонесот на персоналот во библиотеката. Наодите од студијата сугерираат дека учениците имале корист од активностите во периодот на ориентација, а нашите докази покажуваат дека делумно поради вежбите, повеќе студенти и ученици станале редовни корисници на библиотеката.

7. Kitanova, Irena and Stojanova, I. (2023) Говорот и фактори кои влијаат за совладување на секојдневната комуникација меѓу образовните институции. Годишен зборник, 12. pp. 97-100. ISSN 1409-9187

Говорот произлегува од јазикот и претставува негова звучна реализација. Во јазикот се отсликува говорната личност и тоа во сите јазични структури, бидејќи нејзините особини се огледуваат не само во изговорот на гласовите, изборот на зборовите, користење на обликот, туку и во користењето на сликовитоста, во интонацијата и акцентот. Говорењето е таков облик на остварување на јазикот во кој доминираат звучно-аудитивните елементи и се отстрануваат со помош на говорниот и чујниот механизам. Говорењето секогаш е мултимедијално. Неговите основни елементи се: гласот, гестот, мимиката, комуникативниот канал, реалното време и слушните елементи. Говорењето е примарно, а пишувањето е секундарно, како графичка визуелна слика на насочен говор. Затоа говорот влијае на комуникацијата меѓу образовните институции.

8. Kitanova, Irena (2023) Critical and Research Reading as Part of Reading Comprehension. 13. mednarodna konferenca EDUvision 2023 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. pp. 397-402. ISSN 978-961-96514-2-1

Трудот ги опфаќа современите тенденции во наставата кои имплицираа нови принципи, содржини, ставови и однесување во наставниот процес. Современото образовни институции треба да создаваат услови во кои ученикот е предмет во воспитно-образовниот процес и неговиот развој треба да биде премин од периферен или случаен фактор кон главна цел и на наставникот и на ученикот. Ученикот треба да чувствува потреба и да биде способен за промена или т.е. да се чувствува мотивиран за своето развој во сложена смисла на зборот. Следствено, наставата по македонски јазик треба да се модернизира и усоврши. Читањето и разбирањето на литературните текстови се смета како еден од најважните и актуелни проблеми во наставниот процес по македонски јазик и за наставниците и за учениците. Бидејќи главната цел на секое читање е разбирање на прочитаното и разбирање на зборовите во семантичкиот систем, јасно е дека развојот на читањето разбирањето како активен обид за разбирање на текстот или т.е. тоа е процес на интеракција помеѓу нови факти и претходно стекнати знаења.

9. Kitanova, Irena (2024) The word of the teacher- a source of knowledge in teaching and strengthening the interactive component. Knowledge International Journal, 63.2 (2). pp. 175-179. ISSN 1857-923X

Свеста за надворешниот свет се смета за најважен извор на знаење уште од време на Френсис Бејкон и Џон А. Комениус. Поради специфичноста на наставниот процес и карактеристиката на психофизичкиот развој на ученикот, почнаа да се појавуваат и други извори на знаење. Пред сѐ, живиот збор на наставникот, искуството на ученикот, текстот што го користи наставникот за студентите, како и индиректното следење кое денес е овозможено преку широк спектар на наставни средства и помагала. Ваквиот опсег директно или индиректно ја принудува употребата на технологијата во наставата, која свесно или несвесно го потиснува живиот говор на наставникот и со тоа го намалува процесот на интеракција и

комуникација. Голем број истражувања се занимаваат со овој проблем кој полека но сигурно се наметнува и кај нас како општество и за кое би било добро да имаме барем одредена претстава каде сме, каде и како треба да се движиме во иднина.

10. Kitanova, Irena (2024) The Writing Process in Classroom Teaching. Mednarodna konferenca EDUizziv »Izzivi poučevanja in vrednotenja znanja«. pp. 544-549.

Трудот го третира прашањето за писмениот говор и пишувањето како способност во наставата. Имено, процесот на пишување и писмениот говор се исто толку важни колку и усниот или гласниот говор. Постојат мислења дека процесот на пишување е од второстепена важност. Поради овие причини, помалку внимание е посветено на пишувањето, како теоретски така и практично. Во денешно време, психолозите покажуваат одреден интерес за процесот на пишување. Тестовите што биле направени покажале дека, како што вели Лев Виготски, „напишано говорот не е едноставно преведување на гласовниот говор во пишани знаци, ниту совладувањето на писмениот говор е едноставен процес на совладување на техниката на пишување». Процесот на пишување се разликува од гласовниот процес или усмен говор и апстрактно и конкретно. Поради ова велиме дека пишувањето, всушност, претставува висок степен на апстрактно размислување. Токму поради апстрактноста, пишувањето е многу потежок процес за ученикот отколку читањето. Според Виготски, пишувањето е апстрактно затоа што, за разлика од усниот говор, лицето на кое му се упатува писмениот говор недостасува, не е присутно, за разлика од усниот говор, што во суштина е разговор. Разликата помеѓу читањето и пишувањето е во тоа читање претставува „трансформација“ на пишаниот код во устен (декодирање на напишаните знаци), а пишувањето е обратен процес - „трансформација“ на гласовните комплекси во одредени графички единици.

**Објавени книги до изборниот период**

**Скрипта/практикум:**

1. Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование (од I до V одделение), проф. д-р Блаже Китанов, доц. д-р Ирена Китанова, е-скрипта, 2015 год.
2. Практикум за наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование, доц. д-р Ирена Китанова, проф. д-р Блаже Китанов, 2015 год.

**Објавени книги и монографии во изборниот период 2020-2025**

1. Petrova G., E., Mirascieva, Snezana and Petrovska, Sonja and Sivevska, Despina and **Kitanova Irena** and Koceva, Daniela and Josimovska, Verica and Cackov, Oliver and Stojanov, Trajce (2020) Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020). Documentation. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (Монографија)
2. Историја на педагошки идеи, проф. д-р Ирена Китанова, 2021, е-учебник.

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2020-2025)**

1. Kitanova, Irena (2021) The process of reading comprehension and communicating with text as a basis in primary teaching. International Journal Knowledge, 45.2 (2). pp. 177-180. ISSN 1857-923X
2. Kitanova, Irena (2021) Development and meaning of speech, language and text in language methodology. International journal Knowledge, 45.2 (2). pp. 187-192. ISSN 2545-4439
3. Kitanova, Irena (2022) Resistance management in education-teacher`s resistance to the use of electronic boards. Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 78-83. ISSN 1857-8705
4. Kitanova, Irena (2022) Methodical approach in the language area in the pre-school period. Knowledge, 55 (2). pp. 321-324. ISSN 1857-923x
5. Kitanova, Irena and Koceva, Ana (2022) Dyslexia & language teaching. Palimpsest - International journal for linguistic, literary and cultural research, 7 (14). pp. 223-230. ISSN 2545-3998
6. Kitanova, Irena and Stojanova, I. (2023) Улогата на библиотеката и професионалноста на библиотекарот во наставата/образованието. Трета меѓународна научна конференција на библиотекари, 39 (1/2). pp. 180-184. ISSN 2955-2028
7. Kitanova, Irena and Stojanova, Ivana (2023) Говорот и фактори кои влијаат за совладување на секојдневната комуникација меѓу образовните институции. Годишен зборник, 12. pp. 97-100. ISSN 1409-9187
8. Kitanova, Irena (2023) Critical and Research Reading as Part of Reading Comprehension. 13. mednarodna konferenca EDUvision 2023 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. pp. 397-402. ISSN 978-961-96514-2-1
9. Kitanova, Irena (2024) The word of the teacher- a source of knowledge in teaching and strengthening the interactive component. Knowledge International Journal, 63.2 (2). pp. 175-179. ISSN 1857-923X
10. Kitanova, Irena (2024) The Writing Process in Classroom Teaching. Mednarodna konferenca EDUizziv »Izzivi poučevanja in vrednotenja znanja«. pp. 544-549.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Проф. д-р Ирена Китанова активно партиципира и во стручно-апликативната и организациско-развојна дејност во периодот од 2020 до 2025 г., како член на бројни комисии за изработка и евалуација на дипломски, специјалистички и магистерски трудови, а дава свој придонес и во комисиите за оценка и одбрана на докторски дисертации.

Тимската работа и успешното работење на проф. д-р Ирена Китанова се движи и во доменот на факултетски комисии кои работат на сите полиња од делокругот на работа на Факултетот како: при утврдување на веродостојност на презентирани податоци за користење на принципот на флексибилно работно време на наставниците, при избор на раководни функции, во тековната работа на Наставно-научниот совет како орган на факултетот и на другите организациски единици.

Со Одлука бр. 1603-48/1 од 16.2.2023 година е член на Комисијата за проверка на исполнетост на професионалните стандарди за звање наставник ментор.

Со Одлука бр. 1606-127/3 од 28.9.2023 година е претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на ФОН при УГД.

Со Одлука бр. 1602-113/5 од 25.11.2024 година е член во Работна група за изработка на елаборати на студиски програми.

Воедно е член и на The European Cooperation in Science and Technology (COST) is an EU-funded programme that enables researchers to set up their interdisciplinary research networks in Europe and beyond. Профил во прилог на линкот: https://e-services.cost.eu/

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.), по деталното разгледување на доставената документација Рецензентската комисија со големо задоволство констатира дека вонреден проф. д-р Ирена Китанова значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО-40 + НИ-118.3 + СА-48) на поени за избор во звањето редовен професор, остварувајќи вкупно 206.3 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Ирена Китанова може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност таа како вонреден професор потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување, како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на научно-стручни собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмација на образовната теорија и пракса и нивно унапредување кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Ирена Китанова да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научните области методика и образование на наставници, а Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Кирил Барбареев, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Снежана Мирасчиева, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во вонреден професор | 40 | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Ред.бр. на трудови:1,2,3,4,5,9<br>Поени:11.7/11.7/11.7/11.7/9/11.7=**67.5** | 9/6/3 | | | | 67.5 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Трудови: 6,7, во земјава<br>Поени:2/2<br>Трудови: 8,10 во странство<br>Поени: 3.9/3.9 | 2 | | 3 | | 11.8 |
| 4. | Пленарно предавање на научен собир | | | 2 | 6 | 12 |
| 5. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (1/1,5 и 1,5/2) | 2 | 1,5 | 5 | 2 | 13 |
| 6. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>2x2 | 2 | | 3 | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | **118.3** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| 2. | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | **2** |
| 3. | Член на универзитетски или владини тела | 2 | 5 | | | **10** |
| 4. | Член на факултетски орган, комисија | 13 | 2 | | | **26** |
| | ВКУПНО | | | | | **48** |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | **206.3** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ**
**ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕНТЕРИЕР И МЕБЕЛ**
**НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-71/11 од 13.3.2025 година донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 13.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник во звање асистент за научната област проектирање на ентериер и мебел на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Катерина Деспот, редовен професор при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- проф. д-р Васка Сандева, редовен професор при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
- проф. д-р Петар Намичев, редовен професор при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 27 февруари 2025 година до 5 март 2025 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката:

1. м-р Владица Николовска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки му го поднесуваме следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Кандидатка м-р Владица Николовска** - При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката м-р Владица Николовска, поднесена во предвидениот рок утврден во Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Владица Николовска доставила комплетна, соодветна и правно важечка документација, што е предвидена согласно со објавениот Конкурс. Комисијата постапи во детално разгледување на документацијата и го утврди следново:

**Биографски податоци за кандидатката м-р Владица Николовска**

Кандидатката **м-р Владица Николовска** е родена на 14.11.1991 година во Штип. Средното образование го завршува во 2009 година во Штип. Во септември 2013 година дипломира на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Факултетот за природни и технички науки, и се стекнува со диплома инженер по архитектура и дизајн – модул Дизајн и технологии на мебел и ентериер со просечна оценка **9,88**. Во 2018 година се стекнува со диплома магистер на технички науки - дизајн и технологии на мебел и ентериер на Факултетот за природни и технички науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просечна оценка **9,64**.

Во периодот од 2013 до 2015 била вработена на место инженер по архитектура и дизајн во „Техноинвест“ - Штип во Сектор за проектирање и надзор на станбени и деловни објекти. Во периодот од 2015 до 2017 година била вработена на место инженер по архитектура и дизајн во „Пелагонија инженеринг“ - Штип во Сектор за изведба на градежни работи. Во периодот од 2017 год. до 2021 година била на работно место инженер по архитектура и дизајн во Сектор за проектирање и надзор во Техноинвест Штип. Од 2021 година е избрана за асистент на Факултетот за природни и технички науки на Институтот за архитектура и дизајн до денес.

Кандидатката м-р Владица Николовска има објавено **9 научно-стручни трудови** во областа на архитектурата и дизајнот. Листа во прилог.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Nikolovska V., Despot K., Sandeva V., Namiceva Todorovska E. | *The Importance of Architectural Accessibility in Modern Society* | Natural Resources and Technology, Vol.17, No.1, pp.43-48. ISSN 1857-6966; | 2023 |
| **2.** | Namiceva Todorovska E., Sandeva V., Despot K., Nikolovska V. | *Industrial Brownfield Sites and Their Urban Regeneration* | Natural Resources and Technology, Vol.17, No.1, pp.33-42. ISSN 1857-6966; | 2023 |
| **3.** | Sandeva V., Despot K., Nikolovska V., Misirkov K. | *The Art in the Development of Modern Park Composition* | XXXI International conference for young scientists, | 2023 |
| **4.** | Despot K., Sandeva V., Nikolovska V. | *Application of Industrial and Post-industrial Style – Interior and Exterior* | XXXII International scientific conference Management and Quality | 2023 |
| **5.** | Деспот К., Сандева В., Николовска В., Намичева Тодоровска Е. | *Геоморфолошки феномен Маркови кули – Прилеп* | XIV стручно советување со меѓународно учество Подекс-Повекс ‘23 | 2023 |
| **6.** | Сандева В., Деспот К., Намичева Тодоровска Е., Николовска В. | *Влијанието на композицијата во геопарковите* | XIV стручно советување со меѓународно учество Подекс-Повекс ‘23 | 2023 |
| **7.** | Sandeva V., Despot K., Nikolovska V. | *The Link Between Industrial Design and Administrative Facilities,* | XXXIII International Conference for Young Scientists, Technical faculty, SWU “Neofit Rilski” -Blagoevgrad, Bulgaria | 2024 |
| **8.** | Nikolovska V., Sandeva V., Despot K | *Accessible Urban Space - Case Study of the City of Shtip* | XXXIII International Conference for Young Scientists, Technical faculty, SWU “Neofit Rilski” -Blagoevgrad, Bulgaria; | 2024 |
| **9.** | Nikolovska V. | *Spatial and Design Analysis of Sanitary Units in Primary School ‘Toso Arsov’ Shtip to Improve Inclusive Education* | Journal of Balkan Architecture, Balkan University Press, Skopje; | 2024 |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена, а која беше предвидена во Конкурсот за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област проектирање на ентериер и мебел објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ на 27.2.2025 година.

Комисијата констатира дека кандидатката м-р Владица Николовска ги доставила сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на конкурсот.

По прегледот на приложената документација и прилозите во истата, м-р Владица Николовска има завршен прв и втор циклус на студии од соодветното научно подрачје и е магистер на технички науки - дизајн на технологија на мебел и ентериер. Кандидатката во документацијата презентирал соодветен творечки опус, голем опсег на стекнато работно искуство, ангажираност на бројни проекти од областа на проектирање и дизајн, учество на конференции, што за позицијата асистент во соодветната област ја прави подобна.

Врз основа на претходно образложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката м-р Владица Николовска во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за повторен избор на соработник во звање асистент. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип повторно да ја избере кандидатката **м-р Владица Николовска за соработник во звање асистент за научната област проектирање на ентериер и мебел.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Катерина Деспот, претседател, с.р.
Проф. д-р Васка Сандева, член, с.р.
Проф. д-р Петар Намичев, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р НАТАЛИЈА ПОП ЗАРИЕВА И ДОЦ. Д-Р КРСТЕ ИЛИЕВ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-50/8 од 301. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 19.2.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- доц. д-р Марија Крстева, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов „**СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК**“ од доц. д-р Наталија Поп Зариева и доц. д-р Крсте Илиев, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК“ припаѓа во научната област англиска книжевност, според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК“** од доц. д-р Наталија Поп Зариева и доц. д-р Крсте Илиев е пишуван според наставниот план и програма за предметот Англиска книжевност XIX век. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на Студиската програма по англиски јазик и книжевност акредитирана во 2021/2022 год. на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во втора година од студиите, трет семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во најголем дел ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

Ракописот е замислен како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Англиска книжевност XIX век. Тој содржи наративен дел, комбиниран со извадоци од репрезентативни автори и текстови, кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и да ги усвојат содржините од наставната програма, да формираат продлабочени знаења за делата од периодот на англискиот романтизам кои се фокус на проучување, да донесуваат аргументирани заклучоци, да пристапат споредбено кон материјалот, заземајќи притоа свое критичко становиште.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, со големина

на буквите 11. Текстот е поделен на два основни дела од кои првиот се однесува на историскиот контекст и поетиката на романтизмот како правец (**PART I The Age of the Romantics: Emotion and Experimentation / Дел први – Времето на романтичарите: емоција и експеримент**), а вториот дел се сосредоточува на викторијанската епоха во Англија и на авторите кои се вбројуваат во неа (**PART II The Victorians: An Era of Rapid Change / Дел втори – Викторијанци: време на брзи промени**). Секој од овие два дела е поделен на неколку поглавја кои се однесуваат на конкретен автор. Имено, првиот дел брои седум, а вториот дел пет поглавја, така што целокупниот ракопис е составен од дванаесет целини, посветени на дванаесет клучни имиња од англиската литература на периодот кој се изучува. Скриптата се состои од 88 страници текст, а се вметнати и слики со портрет за секој поединечен писател.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Англиска книжевност XIX век. Исто така, скриптата е подготвена според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев» - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Англиска книжевност XIX век на УГД досега не е објавена. Ракописот е квалитетно изработен труд од областа на литературата на романтизмот и е од особена важност за едукацијата на идните наставници и преведувачи по англиски јазик. Тој претставува неопходно и значајно учебно помагало за студентите кои студираат англиски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на англиски јазик. Вокабуларот кој се содржи во прашањата е разбирлив и приспособен на нивото на познавање на англискиот јазик за студентите од втора година на групата за Англиски јазик и книжевност. Целта на скриптата е подетална разработка и примена на содржините од наставниот материјал и сметаме дека е од особена важност за полесно совладување на книжевни текстови кои датираат од 19 век, а се во склоп на предметот Англиска книжевност XIX век. Ракописот содржи претставување на авторот, по што следи извадок од негово познато дело и прашања кои треба да го воведат студентот во критички пристап на анализа и синтеза на литературното дело. Прашањата поттикнуваат лично видување, но и критичко и компаративно размислување на повисоко ниво како анализа, синтеза и евалуација, со цел да се развие способноста за критичко размислување и книжевна анализа.

Скриптата најпрвин започнува со вовед во романтизмот како основа за презентација и анализа на споменатиот културолошки и интелектуален период. Понатаму се претставени клучните автори и дела со детални аналитички и есеистички прашања и коментари. На тој начин се отсликани најважните теми, идеи и литературни стилови од периодот поделени по поглавја. Тие вклучуваат теми како „Општествена критика и религија", претставени преку делата на поетот Вилијам Блејк, потоа следи темата „Природа и имагинацијата" претставена со поетските записи на Вилијам Вордсворди. На тоа се надоврзува темата за „Натприродното и сублимното" преку поезијата на Семјуел Колриџ. Следи тематиката на „Ексцесите на страста и херојската борба", олицетворени

во поезијата на бунтовниот романтичар Џорџ Гордон Бајрон. „Немирниот дух на романтичарскиот идеализам“ соодветно е претставен преку стиховите на поетот Перси Шели, „Потрагата по убавина и вечноста“ преку стиховите на Џон Китс. Овој прв дел од претставувањето на англискиот романтизам се заокружува со темата за „Научната анализа и моралната должност“ во делата на англиската авторка Мери Шели.

Вториот дел од скриптата го опфаќа викторијанскиот период препознатлив во слоганот „Ера на брзи промени“. Како прво поглавје на овој дел се обработува темата за „Реализмот и натприродното“, олицетворени во делото на Чарлс Дикенс. „Викторијанското општество“, пак, се разработува во делото на Роберт Стивенсон. За „Дедукција и научна имагинација“ се земени репрезентативните детективски дела на Артур Конан Дојл, а за „Модификација на човештвото преку науката“ – делото на Х.Џ.Велс. На крајот, во последното дванаесетто поглавје, се дава преглед на избрани поетски дела од викторијанската епоха.

Со оваа скрипта студентите ќе можат критички да пристапат во анализата на литературните дела и периоди во англиската книжевност во текот на XIX век. Преку распознавање на најважните теми и идеи, студентите ќе ги развиваат своите критички вештини. Исто така, ќе можат да направат компаративна анализа на концептите од тие дела и нивното разбирање во тој период и денес. Понатаму, преку оваа скрипта студентите ќе го прошират својот вокабулар и разбирање за литературните периоди и стилови. Исто така, преку пишување есеи, прераскажување и аргументирање ќе ги развиваат своите вештини за пишување.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „**СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК**“ од доц. д- р Наталија Поп Зариева и доц. д-р Крсте Илиев, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидени за предметот Англиска книжевност XIX век на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, односно видот на прашањата и вежбите овозможуваат успешно следење и совладување на материјалот од наставната дисциплина за којашто е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени услови за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ракописот со наслов „**СКРИПТА ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ XIX ВЕК**“ од доц. д-р Наталија Поп Зариева и доц. д-р Крсте Илиев да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, с.р.
Доц. д-р Марија Крстева, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р КРСТЕ ИЛИЕВ И ДОЦ. Д-Р НАТАЛИЈА ПОП ЗАРИЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-50/9 од 301. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 19.2.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- доц. д-р Марија Крстева, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК**“ од доц. д-р Крсте Илиев и доц. д-р Наталија Поп Зариева, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК“ припаѓа во научната област англиска книжевност, според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК“ од доц. д-р Крсте Илиев и доц. д-р Наталија Поп Зариева е пишуван според наставниот план и програма за предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII век. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на Студиската програма по англиски јазик и книжевност акредитирана во 2021/2022 год. на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во прва година од студиите, втор семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во најголем дел ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

Ракописот е наменет како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII век. Тој содржи прашања и вежби кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и да ги усвојат содржините од наставната програма, да формираат продлабочени знаења за литературните дела кои се фокус на проучување, да донесуваат аргументирани заклучоци, да дадат критичко мислење преку компаративен пристап.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial со големина на буквите 11. Текстот е поделен на единаесет дела кои кореспондираат со наставните единици по предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII век. Практикумот се состои од 52 страници.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII век. Исто така, практикумот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев» - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII век на УГД досега не е објавен. Ракописот е квалитетно изработен труд од областа на литературата и е од особена важност за едукацијата на идните наставници и преведувачи по англиски јазик и претставува неопходно и значајно учебно помагало за студентите кои студираат англиски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на англиски јазик. Вокабуларот кој се содржи во прашањата е разбирлив и приспособен на нивото на познавање на англискиот јазик за студентите од прва година на групата за Англиски јазик и книжевност. Целта на практикумот е подетална разработка и примена на содржините од наставниот материјал и сметаме дека е од особена важност за полесно совладување на наставната материја по предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII век. Ракописот содржи аналитички и есеистички прашања на кои им претходи препорака за задолжителна литература. Прашањата се со краток есејски одговор кои поттикнуваат лично видување, но и критичко и компаративно размислување на повисоко ниво како анализа, синтеза и евалуација, со цел да се развие способноста за критичко размислување и книжевна анализа.

Практикумот најпрвин започнува со вовед во ренесансата и хуманизмот како основа за презентација и анализа на културолошкиот и интелектуален период. Понатаму се претставени клучните автори и дела со детални аналитички и есеистички прашања и коментари. На тој начин се отсликани најважните теми, идеи и литературни стилови од периодот поделени по поглавја. Тие вклучуваат Елизабетинска и Јакобинска нешекспирова поезија, најпрвин претставена со пасторалната традиција од *The Passionate Shepherd to His Love* на Кристофер Марло и *The Nymph's Reply to the Shepherd* на Волтер Рели. Сонетот на Филип Сидни и *Still to Be Neat* на Бен Џонсон воведуваат специфична поетска сензитивност. Човековата емоција, судбина и амбиција се разгледани во контекст на шекспировите сонети и драмата *Макбет*. Понатаму во практикумот се разгледуваат епското дело на Џон Милтон, *Paradise Lost,* како и неговите сонети со што се дава продлабочена анализа за божјата правда, личните загуби и текот на времето. Преку метафизичката поезија на Џон Дан во делата *The Flea* и *A Valediction: Forbidding Mourning* читателите се исправени да одговорат пред природата на љубовта, смртта и духовноста. Практикумот ги вклучува есеите на Френсис Беикон: *Of Studies, Of Marriage and Single Life* и

*Of Ambition* кои се однесуваат на интелектуалните текови од тоа време, како и есејот на Даниел Дефо *On the Education of Women,* додека преку Афра Бен Ороноко се разгледува поврзаноста на расата, идентитетот и колонијализмот во раната модерна литература.

Со овој практикум студентите ќе можат критички да пристапат во анализата на литературните дела и периоди во англиската книжевност од XVI до XVIII век. Преку распознавање на најважните теми и идеи, студентите ќе ги развиваат своите критички вештини. Исто така, ќе можат да направат компаративна анализа на концептите од тие дела и нивното разбирање во тој период и денес. Понатаму, преку овој практикум студентите ќе го прошират својот вокабулар и разбирање за литературните периоди и стилови. Исто така, преку одговарање на прашањата, со одговори и есеи ќе ги развиваат своите вештини за пишување.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК“ од доц. д- р Крсте Илиев и доц. д-р Наталија Поп Зариева, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидени за предметот Англиска книжевност од XVI до XVIII на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, односно видот на прашањата и вежбите овозможуваат успешно следење и совладување на материјалот од наставната дисциплина за којашто е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски практикум според Правилникот за единствени услови за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ракописот со наслов „**ПРАКТИКУМ ПО АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ ОД XVI ДО XVIII ВЕК“** од доц. д- р Крсте Илиев и доц. д-р Наталија Поп Зариева да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, с.р.
Доц. д-р Марија Крстева, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ИНОВАЦИИ: ПРОДУКТ, ПРОЦЕС И БИЗНИС МОДЕЛИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И ДОЦЕНТ Д-Р ДЕЈАН КРСТЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА И МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлука број 1502-171/17 од 18.11.2024 година на 264. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 18.11.2024 г., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доц. д-р Зоран Златев, доцент на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- доц. д-р Мирјана Коцалева-Витанова, доцент на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис за скрипта „Иновации: продукт, процес и бизнис модели“ од авторите проф. д-р Александар Крстев и доцент д-р Дејан Крстев.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата е наменета за изборните предмети Професионални вештини за студентите од втора година, трети семестар на студиската програма Компјутерско инженерство и технологии и Компјутерски науки, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) и Применето софтверско инженерство во реална средина за студентите од четврта година, седми семестар на студиската програма Компјутерски науки, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за информатика при УГД во Штип. Скриптата е во целост усогласена со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Компјутерско инженерство и технологии и Компјутерски науки – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за информатика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 100 страници во А4 формат, подели во 8 тематски целини: Потребата од нов производ, Иновации и типови на иновации, Иновацијата и новиот продукт - предизвици, Дизајнирање на производот, Важноста на иновациите за успешноста на компаниите, Инженеринг и неговиот пристап и придонес во иновативноста на нов производ, Што е бизнис план и модел, Истражување на пазарот и резултати од новиот производ. Ракописот содржи 30 слики и 10 табели. Користени се 20 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања, односно 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, скрипта, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Применето софтверско инженерство во реални средини на ФИ при УГД, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими инженерски процеси за нов производ.

Во првото поглавје „Потребата од нов производ“ се дефинира поимот производ и се идентификуваат објективните и субјективните потреби за дизајн на нови производи и одлуките кои се донесуваат во зависност од истите, кои се поврзани со концепцијата на креирање на нов производ, соодветно.

Во второто поглавје „Иновации и типови на иновации“ се опишани општите поими поврзани со иновациите и видовите на иновации во зависност од креирањето на концепт за нов производ.

Во третото поглавје „Иновацијата и новиот продукт - предизвици“ се опишани општите поими поврзани со иновациите и добиениот нов концепт на продукт и кои се неговите предизвици, како на пазарот така и на неговата креативност.

Во четвртото поглавје „Дизајнирање на производот“ се дава опис на тоа што претставува еден производ, како се креира, односно дизајнира и кои се елементите поврзани со неговата конкурентност на пазарот.

Во петтото поглавје „Важноста на иновациите за успешноста на компаниите“ се дава опис на примената на инженеринг и софтверското инженерство, кои се неговите предности и каква примена имаат истите при креирањето на нови иновативни производи и како истите даваат успешност на компаниите.

Во шестото поглавје „Инженеринг и неговиот пристап и придонес во иновативноста на нов производ“ се дава опис на примената на инженерингот и софтверското инженерство, кои се неговите предности и каква примена имаат истите при креирањето на нови софтверски производи.

Во седмото поглавје „Што е бизнис план и модел“ се дава опис и дефинирање на тоа што е бизнис план и модел и кои се пристапите кон дизајнирањето или редизајнирањето на одредени производи.

Во осмото поглавје „Истражување на пазарот и резултати од новиот производ“ се дава илустративен пример и опис за тоа како еден продукт успева или не успева на пазарот постпроизводството и пуштањето во употреба.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на поголем број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на применето софтверско инженерство во реални средини и професионални вештини. Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот за информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметите Применето софтверско инженерство во реални средини и Професионални вештини.

**З А К Л У Ч О К**

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот **„ИНОВАЦИИ: ПРОДУКТ, ПРОЦЕС И БИЗНИС МОДЕЛИ“ од авторите проф. д-р Александар Крстев и доцент д-р Дејан Крстев да го прифати за печатење како скрипта.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

Доц. д-р Зоран Златев, с.р.

Доц. д-р Мирјана Коцалева-Витанова, с.р.